# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции**

**одржана на 12.11.2014 година**

Скопје, 12 ноември 2014 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Третата седница на Национален совет за евроинтеграции,**
**одржана на 12 ноември 2014 година**

Седницата се одржа во сала на Уставна комисија, во Собранието на Република Македонија, со почетокот 10,04 часот.

**Илија Димовски:**

Добар ден на сите присутни, на пратениците, на претставниците на Владата на Република Македонија, претставниците од меѓународната заедница, на претставниците на медиумите.

Ја отворам третата седница на Националниот совет за евроинтеграции. На почетокот дозволете да го поздравам присуството на господинот Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија. Исто така на седницата се поканети претставници на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и амбасадата на Република Италија, земја актуелен претседавач со Советот на Европската унија. Го поздравувам присуството на господинот Роберт Лидл, раководител за политички и внатрешни прашања, информирање и комуникација, госпоѓа Марина Курте политички советник и претставникот на Италијанската амбасада господинот Џовани Виетри.

Би сакал да ве известам дека Собранието на Република Македонија на 21 седница одржана на 10 ноември годинава донесе Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседател, членови, заменици членови на Националниот совет за евроинтеграции, со која за член на Советот е именувана госпоѓа Солза Грчева, пратеник во Собранието на Република Македонија. Честитам на изборот и посакувам успешна работа во Националниот совет за евроинтеграции, со уверување дека во претстојниот период ќе вложиме заеднички напори во процесот на европска интеграција на Република Македонија. И, во оваа прилика секако, повторно би повикал во работата на Собранието и посебно во работата на Националниот совет за евроинтеграции да се вклучат и другите претставници на политичките партии кои се опозиција кои сеуште не се дел од секојдневните активности на Собранието на Република Македонија со цел да се овозможи отворен и конструктивен политички дијалог во Собранието.

Констатирам дека на седницата се присутни доволен број на членови на Националниот совет за евроинтеграции, со право на одлучување, со што Советот може полноважно да одлучува.

Материјалите за денешната седница на Советот ви беа претходно доставени на вашата електронска пошта.

За денешната седница на Националниот совет за евроинтеграции го предлагам следниот **дневен ред**:

1. **Извештај за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2014 за периодот од 01.07.2014 до 30.09.2014 година, односно за третиот квартал.**
2. **План на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација на периодот ноември 2014-ноември 2015 година.**
3. **Разно.**

Дали има некој предлог за дополнување на дневниот ред?

Нема.

Предлагам да го усвоиме дневниот ред.

Ги замолувам членовите на Националниот совет за евроинтеграции да се изјаснат по предложениот дневен ред?

Ве молам кој е за?

Дали има против? Нема.

Констатирам дека е усвоен дневниот ред за Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции.

Пред да започнеме со првата точка да го усвоиме записникот од Првата седница одржана на 24 септември 2014 година и записникот од Втората седница одржана на 14 октомври 2014 година.

Дали има забелешки по записникот од Првата седница? Нема.

Дали има забелешки по записникот од Втората седница? Нема.

Бидејќи нема, дозволете ми да констатирам дека записниците од Првата и Втората седница на Советот се усвоени без забелешки.

Пред да започнеме со првата точка од дневниот ред исто така дозволете ми да најавам дека планираме активности на Националниот совет за евроинтеграции за крајот на месец ноември. Со вицепремиерот Фатмир Бесими договараме термин за одржување седница на која ќе се дебатира за ефектите од спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки. Имаме добиено сериозен и содржаен материјал кој што овие денови ќе ви биде доставен на сите и ќе имаме доволно време и да го разгледаме материјалот и да се спремиме за една таква седница на Националниот совет за евроинтеграции, која што беше и побарана од членови на Националниот совет за евроинтеграции, на која ќе се разгледуваат овие состојби, но со еден подолг временски осврт кон минатото и постапките кои биле превземани до сега.

**Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Извештај за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2014 за периодот од 01.07.2014 до 30.09.2014 година, односно за третиот квартал.**

Го поканувам господинот Фатмир Бесими, заменик претседател на Владата на Република Македонија да се обрати пред Националниот совет за евроинтеграции и да го презентира Извештајот за реализираните активности од Националната програма за третиот квартал.

Повелете господине Бесими.

**Фатмир Бесими:**

Благодарам почитуван претседавач на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани членови на Советот, пратеници, претставници на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и претставници од Италијанската амбасада која што е земја претседавач со Советот на Европската унија, во овие 6 месеци од 2014 година.

Дозволете ми на почетокот да се заблагодарам на Националниот совет за евроинтеграции за дадена можност да се претстави реализирањето на Националната програма што се однесува на усогласувањето на законодавството

со тоа на Европската унија, за третото тромесечје од 2014 година. Сакам да истакнам уште на почетокот, дека е исклучително важно сега кога веќе го имаме Извештајот за напредокот за 2014 година од Европската комисија и во периодот помеѓу Извештајот и дискутирањето за истиот во Советот на Европската унија да може да го претставиме тоа што во ова тромесечје е реализирано и тоа што во овој период до Советот на Европската унија, додека се завршат активностите што се сугерирани во самиот Извештајот за напредокот, сугестиите и забелешките кои што се исклучително значајни за нашето патешествие кон Европската унија. Сакам да подвлечам, да ги информирам членовите на Националниот совет за евроинтеграции за досегашните активности и тоа што сакам да го кажам е дека веднаш по добивањето на Извештајот за напредокот ние во овој период во рамките на Владата дискутиравме за една почетна анализа во однос на Извештајот, а потоа се ангажиравме  и сите институции се залагаат во насока на препораките и забелешките што произлегуваат од Извештајот, со цел да се изготви еден акциски план колку што е можно поконкретен и колку што е можно побрзо, а за работите кои што треба да направат во рамките на темите дефинирани како приоритетни во самиот Извештај за напредокот. Со цел да бидеме поактивни и поефикасни во реализирањето на сугестиите додека се направи ревизија на Националната програма за усогласување на законодавството за 2015 со еден акциски план како што предвидено и во овој системски едногодишен процес, каде што на крајот на годината се очекува да се заврши, односно да имаме ревизија за 2015 година на Националната програма за усогласување на законодавството. Сакам да кажам дека во овој процес пристапот беше да бидеме транспарентни во однос на Извештајот за напредокот. Имавме можност и тука во Националниот совет за евроинтеграции и во Комисијата за европски прашања да дискутираме за Извештајот и да добиеме сугестии за работите што треба да се направат според препораките од Извештајот. Во исто време Секретаријатот за европски прашања организираше неколку дебати, отворени средби со институциите или пак со припадниците од разни области кои што се надоврзуваат или на кои што припаѓаат овие теми за кои што се сугерираше во самиот извештај. Тука мислам на средбите со претставници од судството, потоа со претставници од медиумите и здруженијата на новинарите, потоа со невладините организации и граѓанското општество и други средби кои што како што беше ветено и како што произлезе од самите средби тоа да имаме еден сеопфатен пристап. Секретаријатот за европски прашања апелираше до сите претставници на граѓанското општество да можат да дадат свои сугестии за следната ревизија за 2015 година и можам да ве информирам дека до рокот предвиден од 17 невладини организации се доставени коментари кои што ќе се разгледуваат и ќе бидат дел од следната ревизија за 2015 година. Исто така тоа што сакам да ги информирам членовите на Советот се организираше и почна процесот на изготвување на Националната програма за 2015 година и сите домашни институции, значи во сите нив почнаа работните групи и комисиите што се во однос на изготвување на подготовките за ревизијата за 2015 година на Програмата за усогласување со законодавството на ЕУ. Во меѓувреме што се однесува на Извештајот за напредокот, во Владата се дискутираше еден нацрт акциски план со краткорочни приоритети според темите како што се спомнати во Извештајот за напредокот: судството, слободата на изразување, медиумите,

уставните измени, меѓуетничките односи, реформите во јавната администрација, препораките од ОБСЕ, ОДИХР во однос на Изборниот законик, добрососедските односи и регионалната соработка. Исто така, тоа што сакам да го информирам конкретно членовите во однос на денешната тема во потесен смисол, имплементацијата на програмата за 2014 година, третото тромесечје сакам да ве информирам дека до сега во рамките на тоа што е предвидено до 11 ноември 2014 година, вкупно 27 закони се донесени од 57-те што се предвидени во програмата или 55,1%, во собраниска постапка се два предлог-закони и во владина постапка се исто така 2 закони што се предвидени во програмата, а во меѓуресорска консултација се наоѓаат 9 предлог-закони.

Во однос на подзаконските акти од вкупно 143 донесени се 64 или 44,8%, два се во владина постапка, а 24 се во меѓуресорска консултација.

Исто така сакам да ве информирам што се однесува на сегментите во годишната Национална програма за 2014 година. Тоа беа темите истакнати како приоритет во самиот Извештај за напредокот за 2014 година значи и судството од 17 октомври имаше една комисија на експерти во судството и таа најголема мера е во однос на судските институции во земјата со претставници и експерти од земјите од Европската унија и во текот на овој период се остварени 4 сесии при што имаше консултирање во однос на законодавството, судството, размена на мислење и што може да се направи во однос на напредување на позицијата на судството односно зголемување на независноста, зголемување на ефикасноста, професионалноста имајќи ги предвид трите сегменти што ги третираше оваа мисија. Тие беа во однос на унапредувањето на судиите и јавните обвинители во однос на нивната кариера. Потоа другиот сегмент беше во однос на постапките, односно одговорноста и дисциплинските мерки што се треба да преземат во однос на судиите и јавните обвинители во насока на остварување на нивната должност и оправданоста, и третиот сегмент оправданоста на судските одлуки. сите овие што треба да помогнат за да имаме едно подоверливо, неселективно и професионално судство како што се спомнува и во самиот Извештај за напредокот.

Исто така тоа што во текот на овој период е забележано дека Судскиот совет има оценето 11 судии со многу добра оценка, 22 со добра оценка и еден со оценка доволен. Исто така имало и неколку постапки што се однесува на судиите кои што не ја вршеле својата должност според законот. Тоа што треба да се подвлече е во однос на јавниот обвинител, за зајакнување на капацитетите во обвинителството е следното. Има објавено конкурси за нови вработувања односно за 7 јавни обвинители во текот на овој период.

Друго што е важно во однос на политиките за борба против корупцијата треба да се нагласи дека веќе сега почна со работа твининг проектот во рамките на ИПА 2014 година што е во однос на ефикасноста и заштита и борбата против корупцијата и што има за цел подобрување на состојбата во домашните институции според стандардите и искуствата на земјите на Европската унија. Ова исто така беше тема што се опфаќаше во Извештајот за напредокот.

Во однос на слободата на изразување и медиумите исто така имаше една мисија на експерти на Европската унија, на 13 и 14 октомври оваа година и таа мисија имаше за цел анализирање на имплементацијата на законот што е во однос на граѓанската одговорност како и во однос на клеветата што беше една од темите

затоа што од прекршочно стана кривично дело, значи клеветата. Значи како се имплементираат темите што ги третира прашањата на клеветата и навредата. Тоа беше должност на таа мисија.

Исто така Министерството за информатичко општество и администрација во текот на овој период има остварено неколку средби со Советот за етика на медиумите со цел да укажат на соработката во однос на имплементацијата на темите што беа третирани во однос на уредување и самоуредувањето, саморегулирањето во секторот новинарство со цел да дојде до израз тоа што се бара и во самиот Извештај за напредокот во однос на слободата на изразување и медиумите во Република Македонија.

Можеме да кажеме дека друга тема која исто така се опфаќа, а и во интерес на времето ќе бидам пократок ќе ги спомнам само главните аспекти што се однесува на економскиот развој. Според податоците на Заводот за статистика во второто тромесечје на 2014 година споредено со истата во 2013 година се бележи економски раст на бруто домашниот производ од 4,3%, по пораст од 3,5% во првото тромесечје со што просечниот пораст на бруто домашниот производ за првото шестмесечје за 2014 година достигнува 3,9%. Според некои анализи кои што се реализираа есенва и прогнозата на Европската комисија за 2014 година, овој економски раст за Македонија предвидено со 3,3%, во 2014 година 3,4%, а во 2015 година 3,6%, а во 2016 година исто така. Се ова предвидува дека Македонија е во економски раст повисок споредено со земјите во регионот и втора во Европската унија. Секако дека овие трендови и овие економски параметри укажуваат на позитивни трендови, меѓутоа тоа што останува за нас предизвик е да се продолжи со проектите за создавање на нови работни места, за повисок стандард и живот на граѓаните и следното во следниот период е целосно ангажирање во насока на сите приоритети или сите области што се спомнуваат во самиот Извештај за напредокот, а што се важни за Република Македонија како процесот на евроинтегрирање кој што е од најголем интерес на граѓаните. Тука ќе спомнам пет области како главни приоритети и тоа: политичкиот дијалог, судството, слободата на изразување, медиумите, меѓуетничките односи и меѓу соседските односи. Сите овие теми се теми кои што ќе го имаат главното внимание и кај домашните институции со посебен ангажман до декември кога ќе биде и Европскиот совет, меѓутоа ова ќе биде постојана, континуирана работа во текот на целиот период, целата година и ќе бидат составен дел од ревизијата на Националната програма за 2015 година за пристапување, всушност за усогласување на законодавството со тоа на ЕУ.

На крај дозволете ми затоа што втората точка на дневниот ред е Планот на годишните активности на Националниот совет, ние и во писмена форма се обративме до Националниот совет и верувам дека ќе се третира и во агендата. Тоа значи за овие пет теми што ги спомнав, значи политичкиот дијалог, судството, слободата на изразување, медиумите, меѓуетничките, меѓу соседските односи наша сугестија е да се организираат дебати тука во Националниот совет, а и ние ќе учествуваме на тие дебати. И ние имаме слични иницијативи да организираме вакви дебати и мислам дека ова е еден многу соодветен форум за една таква дебата за теми кои што се спомнати во Извештајот за напредокот за 2014 година.

Ви благодарам.

**Илија Димовски:**

Благодарам на потпретседателот на Владата за своето образложение по однос на материјалот.

Сега отворам расправа по Извештајот за реализираните активности од Националната програма за усвојувањето на правото од ЕУ-ревизија 2014 година за третиот квартал.

Досега има еден пријавено. Ќе му дадеме прво збор на господинот Антонијо Милошоски, кој се пријави прв, па потоа на госпоѓата Мерал Узеири Ферати, па како ќе се пријавуваат колегите, така ќе го дополнуваме списокот.

Благодарам.

**Антонијо Милошоски:**

Благодарам до господинот претседавач, благодарам на заменик на претседателот на Владата задолжен за евроинтеграции господинот Фатмир Бесими. Јас би сакал да истакнам неколку работи, прво го поздравувам тоа што постои една добра комуникација меѓу Националниот совет и Секретаријатот за европски прашања. Особено што во следниот период имаме можност за сите овие теми мои што се наведени од страна на Европската комисија да организираме јавни дебати и расправи. Каде што на едни отворени трибини со покана не само на политички туку и на стручни лица и субјекти. Без разлика дали станува збор за судството, за медиумите, за економски теми или за усогласување на законодавството, ќе можеме да ги соочиме аргументите и да ги согледаме слабостите и начините на кои што би можеле истите да ги надминеме и да имаме подобар извештај во тие области во следните периоди. Она што сакам да го потенцираме, добрите економски показатели кои што не се само прогноза на институциите во Република Македонија на Народната банка или други стопански субјекти по однос на растот во првиот, вториот и предвидениот пораст до крајот на годината по квартали. Туку исто и прогнозите кои што Европската комисија според свои согледувања за 2014, 2015 и 2016 година ги дава како прилично охрабрувачки дека Македонија е земја во економски раст и дека истиот има добра основа да се задржи и да напредува. Во тој контекст сметам дека со нашите пријатели од Европската комисија да работиме заеднички и да им обрнеме посебно внимание за една економска тема која што кај нас често се запоставува бидејќи евроинтеграциите често паѓаат во сенка на Грчко-Македонскиот спор и некои економски прашања стануваат споредни. Тоа е прашањето на постоењето, дефинирањето и признавањето на функционална пазарна економија во Република Македонија. Од 2009 или 2010 година, тогаш комесарот за проширување Штефан Филе и комесар за финансии беше Оли Рен, покренавме барање до Европската комисија да ни даде одредници или со нивен речник бенчмаркс, кои се параметрите кои што дополнително треба да ги исполниме за во следните извештаи на Европската комисија да не стои дека има подобрување на деловната средина но и понатаму истото е недоволно да се дефинираме како функционална пазарна економија туку Европската комисија да може слободно врз основа на аргументи, убедувања и мерливи проценки да каже дека во Република Македонија постои функционална пазарна економија. Ние не ја бараме таа дефиниција или признанија како политички или како економски подарок. Туку бараме да бидеме правилно оценети а со таквото правилно оценување нам во голема мерка ќе ни се помогне на економски план. Помошта на економски план ќе го зголеми нашиот капацитет да

бидеме поспособни да дејствуваме на социјален, образовен, инфраструктурен и на друг план и на планот за привлекување на странски инвестиции. Ќе дадам само неколку аргументи зошто сметам дека треба и сега и во иднина особено за извештајот за 2015 година и Македонските институции и Европската комисија особено да обрнат поголемо внимание на потребата да имаме една реална и добра оценка споредбена и со соседните земји и со некои земји-членки на Европската унија по однос на прашањето дали и колку Македонската економија е функционална и пазарна. Прво кај нас во нашата држава и инвестициите и производството и пласманот на тоа производство што го имаме без разлика дали е за домашна или за извозна употреба се базирани на понуди и побарувачка. Ние немаме договорна економија. И стопанските комори и приватните и државните претпријатија врз основа на пазарно поставени барања на пазарно поставена понуда и побарувачка. Имаме континуирано во последните неколку години многу високи оценки од страна на ДУИНГ бизнис. Извештајот кој што го дава Светската банка кој што е релевантен не само на европското туку и на пошироко ниво и во истиот се опфатени многу параметри. Опфатени се параметрите од започнување на бизнис, добивање на дозволи, пристапност до инфраструктура, заштита на инвестиции, право на сопственост, плаќање на даноци, тргување со странство, спроведување на договори, решавање на проблем на ликвидност или неликвидност и многу други параметри кои што се дел од целокупната оценка за една пазарна економија. Цените на нашиот пазар се формираат слободно. Немаме монополи. Имаме отворена економија која што е прилично компетитивна и за внатрешни и за надворешни стопански играчи. Немаме законски бариери имаме потпишано многу договори за слободна трговија со многу земји од соседството и многу земји пошироко од соседството вклучувајќи ги Турција, Украина и многу други. Го спроведуваме принципиелно тој дел економски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Имаме фискална стабилност, имаме зголемување на фискалната дисциплина, имаме монетарна стабилност, имаме стабилност на денарот, имаме стабилни девизни резерви, имаме контролиран јавен долг и имаме добро управување со буџетските ресурси. Имаме слободен пазар на трудот и сметам дека сите овие показатели особено ако се има во предвид и трендот во последните неколку години на конкретно привлекување на веќе присутни странски инвеститори кои што и досега и пред да инвестираат во Македонија функционирале на пазарот, на инвестицискиот пазар во многу европски земји е дополнителен доказ дека Македонија има право да бара во следниот извештај на Европската комисија да биде оценета како функционална пазарна економија. Или доколку има било каков сомнеж, недоумица или лоцирани одредени слабости по однос на ова прашање да знаеме во кој дел кои работи треба дополнително да ги завршиме за да можеме да добиеме една ваква оценка. Оваа оценка не е политичка, нема врска со билатерални спорови ниту пак некој во Република Македонија би ја политизирал би ја оспорил или би бил против тоа да се избориме за таков статус, но на сите нас ќе ни донесе многу подобро рангирање на земјата, на нашите домашни стопанственици ќе им донесе една подобра видливост и за странските инвеститори кои што можеби бараат и домашен партнер и нас како земја ќе ни помогне во подобрувањето на имиџот и при претставувањето на подобностите за инвестирање во Република Македонија. Затоа мојата ургенција и доколку има во врска со ова одредени коментари, одговори или некои сознанија понови од страна на Европската комисија или од страна на заменик претседателот за европски прашања. Би замолил да го ставиме и ова во фокусот за

наредната 2015 година и можеби за истата тема да организираме одредена јавна расправа со претставници на стопанските комори, со претставници на Народната банка, со претставници на економските институции и Европската комисија за да видиме што уште фали или дали воопшто нешто недостига за Македонија да ја добие потврдата дека е функционална пазарна економија и со тоа и ние и регионот а особено стопанството да имаме една голема придобивка. Благодарам.

**Илија Димовски:**

Благодарам на господинот Милошоски, последното укажување ќе го имаме во предвид во следната точка, и ќе го повториме веројатно и констатираме она што ќе заклучиме како Национален совет.

Сега и давам збор на госпоѓата Мерал Узеири Ферати, пратеник во Собранието, повелете колешке.

**Мерал Узеири Ферати:**

Благодарам претседавач на Советот, почитувани присутни. Внимателно ја слушнав презентацијата на заменик премиерот за европски прашања. Убави зборови како и вообичаено, типично за ДУИ. Патешествието на Македонија кон ЕУ почна да наликува на судбината на СИЗИФ. За жал оваа Влада го има загубено интегрирачкиот дискурс.Секогаш кога се спомнува Македонија и евроинтегративните процеси, поимите кои најчесто се слушаат од ЕУ се статус кво и ќор сокак. Чие што толкување на не толку дипломатски јазик значи статус кво, значи Македонија продолжува со слободен пад, ќор сокак, сака да каже дека оваа Влада нема идеја како да излезе од оваа ситуација. Цениме дека тоа е дебакл како на внатрешен така и на надворешен план. Критериумите и европските стандарди се пред се вредности и фактот што оваа Влада не е способна да ги исполни овие критериуми и овие европски стандарди покажува дека Македонија има сериозни проблеми што се однесува на почитувањето на вредностите и демократските принципи, хуманите, цивилизирачките итн. Сега веќе општо познато дека пречка за евроинтегративните процеси не е само спорот со Грција за прашањето за името. Европската унија има забележано многу и има укажано многу забелешки многупати како и за работата на извршната власт така и за судството. Отсуството на слободата на изразување и независните медиуми, потоа за крајно партизираната администрација, за корупцијата итн. Меѓутоа за жал ниту една од овие забелешки не се зема сериозно од страна на Владата и власта и не се направи ништо во таа насока и понатака имаме судство кое што е целосно контролирано од власта и постапува на селективен начин. За тоа имаме многу докази, имаме докази за стотици монтирани случаи или предмети за Албанците тука ќе го спомнам Сопотскиот случај кој што сега веќе повеќе години продолжува нивната голгота. Голгота на тие луѓе по затвори, потоа ќе го спомнам и случајот Монструм кој што ден денес е под сомнеж како се процесираше овој предмет и како се изрече казната во отсуство на кредибилни докази. Од друга страна ниту еднаш не доби конкретен епилог ниту еден случај кој беше поврзан со тепањето на учениците Албанци во училиштата, во автобусите, по улици. Ниту еднаш не доби епилог ниту уништувањето на албанскиот имот. Исто така епилог немаат ниту фашизоидните скандирања против Албанците во разни спортски манифестации или настани. Друг еден критериум за кој што се свртува внимание на оваа Влада која што е во однос на попречувањето на слободата на изразување, слободното изразување

без што демократијата ја губи вредноста, значи новинарството е контролирано, медиумите се контролирани, вршејќи притисок на перманентен начин врз новинарите и новинарските куќи. Не се почитува правичната и соодветна застапеност по автоматизам тоа значи дека невработеноста кај Албанците е многу повисока, колку за илустрација ќе кажам неколку примери. Во Судскиот совет се вработени 47 Македонци, а 6 се Албанци. Во Врховниот суд вработени се 76 Македонци 6 Албанци. Државниот правобранител 112 Македонци 13 Албанци, Народна банка 436 Македонци 26 Албанци, МАНУ 51 Македонец 1 Албанец, спорен Народниот правобранител, 500-тини институции се без Албанци. Според Народниот Правобранител тоа се евидентирани факти. Во исто време како што сме исклучени од институциите исто така сме исклучени, дискриминирани од државниот буџет. Сите знаме дека неколку години по ред од како е ДУИ на власт Албанците од државниот буџет не добиваат повеќе од 1 или 2 проценти. Што значи дека и буџетската распределба не се прави на соодветен и пропорционален начин. Го спомнаа и политичкиот дијалог незнам дали вреди да се спомне политичкиот дијалог кога токму од заменик претседателот задолжен за европски прашања кој што во исто време е и кадар на ДУИ кога гледаме дека има една скандалозна некоординираност, не само помеѓу партиите во коалицијата туку и во самиот субјект ДУИ. За тоа колку се бедни тие од ДУИ и колку бедна позиција имаат овие од ДУИ укажа и последниот случај во однос министерот за економија потоа заменик министер за внатрешни работи и заменик директор на УЈП каде што беа демантирани, беа противречни нивните изјави, се демантираа еден со друг. Меѓутоа што е тука госпоѓата министер за внатрешни работи која што излезе во јавноста и јасно кажа не им замерајте на народен начин, овие немаат поим, така што ќе научат имаат време да научат. Почитувани присутни оваа ситуација да не беше трагична ќе биде многу комична но меѓутоа за жал на Албанците не им е до смеење. Друг исклучително значаен критериум е и грижата и заштитата на животната средина и тука сакам да споделам со вас и со јавноста се разбира еден факт за тоа колку оваа Влада ја штити и води сметка за животната средина за Албанците.

Деновите кога Владата донесе одлука да го пролонгира рокот за поставување на филтер во Југохром кој што истовремено е најголемиот загадувач и кој што полошкиот регион, особено Тетово го има претворено во еден од најзагадените градови на светско ниво, тој ден во истиот ден имаше една акција од страна на УЈП заедно со специјалните полициски единици за да се погоди, за да се удри по малиот албански бизнис, акција која што јас ја нарекувам, затоа што тоа не се нарече акција, јас така го нарекувам, меѓутоа тоа беше енигма или забуна или бунило, затоа што оваа акција се уште продолжува. Демократската унија за интеграција се уште не знае кој ја издаде наредбата и кој ја спроведува оваа таканаречена акција. И сето ова почитувани граѓани се прави во функција на заплашување и деконцентрирање или скренување на внимание од вистинските, реалните проблеми. Злото е во тоа што од оваа пародија страдаат лошо Албанците, затоа што Демократската унија за интеграција со инфериорната положба што ја има во власта секој ден се повеќе го отежнува животот на Албанците со тоа што крајно ги осиромашува, ги дискриминира во секој аспект, ги заплашува и им ги затвора економско социјалните перспективи и евро интегративните перспективи. И се разбира дека сето ова резултира со масовно иселување на Албанците од нивните родни места. Почитувани присутни, Албанците се про НАТО и Европската унија, оваа влада, особено Демократската унија за

интеграција се пречка за неостварување на овие аспирации. Поминаа шест месеци вие не сносите одговорност, не сносите ќе дојдат и следните шест месеци повторно нема да сносите одговорност. Ви благодарам.

**Илија Димовски:**

Благодарам. Има двајца за реплика пријавени, едниот сум јас, другиот е Антонијо Милошоски и господинот Фатмир Бесими.

Значи, дозволете еве прв да реплицирам на колешката Мерал Узеири Ферати, прво да го поздравам нејзиното присуство и активното учество во работата на Националниот совет, тоа е значаен исчекор и се надевам дека низ дебата ќе се обидуваме да ги надминуваме сите недоразбирања во смисла на нели пратеници од власта и од опозиција, но во конкретниот случај би сакал многу принципиелно да укажам на одредени дефокусирања кои што беа присутни во дискусијата на почитуваната колешка од аспект дека тука мораме да го заштитиме и јавниот интерес и информациите кои што ги пласираме да бидат објективни и релевантни. Мислам дека фокусирање на дебатата низ етничка призма на седница на Националниот совет не е сосема коректно заради тоа што во однос на евроатланските перспективи на Република Македонија имаме воедначен став и нема ниту една етничка ниту религиозна, па дури и политичка партија во Република Македонија која што не се залага за истите цели и за истите патеки. Така да, форсирањето на оваа дебата не носи ништо добро на никого  се надевам дека не е целта да се внесе доза на деструктивност, но затоа си дозволувам сосема колегијално да укажам на овој момент. Втора работа која што исто така принципиелно сакам да ја посочам е во делот на земање на неколку податоци од различни теми и искористување само на тие податоци без да се има еден сериозен увид во состојбите, во дискусијата на госпоѓата Мерал Узеири Ферати беше тоа и за инфраструктура, и за број на вработени по етнички заедници, и на неколку други теми. Еве само заради јавноста и само за споредба би кажал дека има институции во Република Македонија во кои што бројот на вработени Албанци се движи 40, 50, 60, 80 проценти или, да точно зборам за Министерството за здравство, зборам за Министерство за култура, зборам за Секретаријат за европски прашања, зборам за Секретаријат за рамковен договор или ако сакате конкретно во целата администрација според податоците кои што ги добиваме бројот на Албанците во овој момент се движи некаде над 18% и во секоја година континуирано има пораст од најмалку од процент до процент и пол што можеби е тенденција која што некого не го задоволува, но е тенденција која што и реално може државата да ја издржи, посебно заради тоа што ние во извештаите од Европската унија веќе неколку години сме критикувани токму во овој сегмент. Апсолутно нема никаква дилема кај ниту еден пратеник од владеачкото мнозинство или ако сакате поспецифично од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека треба да продолжи таа тенденција, но да се негира прогресот е навистина гледање на работите црно – бело и ставање во партиски контекст. Ако е таа целта, можам да ја прифатам, но сепак на седница на Национален совет дозволете ми да укажам дека не се баш работите така како што се обидувате да ги презентираните. Исто така во делот на трошење на јавните средства, апсолутно не можам да го прифатам тој аргумент заради тоа што инвестициите кои што се случуваат во Република Македонија од буџетот на Република Македонија се однесуваат на сите граѓани. Набавката на медицински

апарати во Република Македонија се однесува на сите граѓани. Значи во болниците во Скопје не одат само граѓани Македонци, или не одат само граѓани Власи, или само граѓани Турци, одат сите граѓани. Во инвестициите во болниците во Тетово, во Гостивар, во Велес, во Битола, во Струга, во Охрид, во Кичево, во Штип, исто така ги користат еднакво сите граѓани. Изградбата на регионални и магистрални патишта низ Република Македонија е од полза на сите граѓани. Зголемувањето на пензиите и социјалната помош е од полза на сите граѓани. Воведувањето на бесплатни учебници за образованието на граѓаните е за сите граѓани без разлика на нивните етничка или религиска припадност. Земјоделските субвенции кои што во значаен сегмент се користат и во полошкиот регион исто така се однесуваат на сите граѓани. Така да, апсолутно за мене е неприфатлива оваа логика и ќе се доведе во ситуација да се набројуваме и да кажеме дека не знам, во општина Брвеница, во населените места каде што живеат Македонци не се гради канализација шест – седум години по ред, иако тоа е основно барање на граѓаните во Брвеница. Или ќе се доведеме во ситуација да се набројуваме дека во Непроштено не се реконструира училиштето токму онаму каде што учат Македонци, или ќе се набројуваме дека во селата околу општина Струга во кои што живеат Македонци не се градат спортски игралишта? Што е проблемот? Но тие проблеми кои што се постојни, јас се надевам дека и претставниците на Европската делегација ќе го нотифицираат тоа затоа што тоа е проблем на граѓаните на терен, но тоа е проблем кој што треба да го решаваме на многу човечки начин, да ги сведеме работите на потребите на граѓаните и да се обидуваме со текот на времето да ги примиме европските вредности и на тој начин да постапуваме. Во спротивно ако сите работи ги поставуваме низ партиска или етничка призма, сето ова тука ќе биде дијалог на слепи и на глуви, што во принцип ние не би сакале да биде така. Напротив, за секој проблем кој што би бил изложен и би бил релевантен, постои начин да обезбедиме и анализи, постои начин да обезбедиме и материјали, да ги погледнеме работите заедно и на консензуална основа како што и доликува на Националниот совет за евро интеграции да ги влечеме заклучоците, да видиме до каде се институциите, да побараме дали ги имплементираат нашите заклучоци, итн. Затоа извинете ако претерав во мојата анализа или во критиката на вашиот говор, ве почитувам и не ми е намера тоа, но би сакал заради јавноста и заради сите присутни да го имаме овој баланс во информациите. Благодарам.

Дали барате контра реплика, повелете.

**Мерал Узеири Ферати:**

Благодарам колега на репликата. Да бидам искрена ние од ДПА сме многу слаби пред невистините, сериозно тоа ни е најслабата страна. А што се однесува на тоа зошто јас отворам вакви теми во овој совет, теми што се битни за Албанците, мислам дека јас го имам тоа право затоа што јас сум претставник, зад мене стои голем број на гласачи и затоа сум тука да ги штитам нивните интереси и јас ја искористувам секоја дадена можност да го кренам гласот. Се разбира вам тоа ви смета, меѓутоа апсолутно немате никакво право да ми го земете правото да говорам и да ги артикулирам грижите на граѓаните Албанците. Рековте дека мојата дискусија беше без факти, заснована на измислици колку што ве сфатив, не знам дали за вас не е факт Југохром, Макстил се затвори, а на Југохром му се продолжи рокот за работењето. Што ќе кажете за ова? Факт е дека според Народниот правобранител,

Народната банка има вработено 436 Македонци, 26 Албанци. Факт е дека тетовската болница е само транзитен центар, секој ден кога доаѓам во Скопје гледам како поминува и Брзата помош која што префрла или носи пациенти во Скопје, не е вистина дека инвестициите се исти како во македонските, така и во албанските места, гледате и тоа се факти кои што се гледаат со очи. Тоа се факти кои што граѓаните ги доживуваат, го доживуваат овој ужас секој ден. Образованието било исто за Албанците и за Македонците. Не е вистина. Условите во училиштата каде што учениците следат настава не се воопшто услови кои што се прикладни или соодветни за едно училиште во 21 век. Не е вистина дека има бесплатни учебници, јас на мојот син трипати годишно му ги копирам учебниците. Нема воопшто учебници, а какви учебници се и каква содржина имаат тие учебници. Ве молам, колеги јас немам проблем со вас, имам проблем со колегите од Демократска унија за интеграција и ве молам немојте да правите споредби и не ме споредувајте со оние од Демократска унија за интеграција. Ние тука не доаѓаме без факти, без да ги читаме законите, без аргументи. Вие може да им кажете на тие од Демократска унија за интеграција да одат да ги читаат законите, меѓутоа не и нам. Ова не се наши констатации, ова се грижи и вознемирувања на Албанците. И се е многу видливо. Не се како вашите убави зборови на хартија, туку се факти кои што се гледаат визуелно, тоа се факти што се доживуваат и се разбира дека ќе зборувам. Се додека се подобри состојбата, ние ќе зборуваме и ќе ја искористуваме секоја можност за да говориме, да ги штитиме интересите на Албанците. Благодарам.

**Илија Димовски:**

Следен за реплика е господинот Милошоски, повелете.

**Антонијо Милошоски:**

Благодарам на дискусијата на госпоѓата Мерал Ферати. Јас само ќе кажам дека фактите немаат национална боја и ниту квалитетот на воздухот за дишење, ниту образованието, ниту клупите во ова Собрание немаат национална боја. Ние делиме слични или исти економски, стопански, образовни и сите други услови и мислам дека е некоректно ако треба да има политички натпревар помеѓу ДПА и ДУИ, нека го има и тој нека постои, тоа е добро, немам ништо против, но да се вклучуваат во секоја тема меѓуетничките односи и со тоа од јавна говорница да се подгреваат дополнително страстите кои и онака знаеме дека се чувствителни во одредени региони или во целата земја, тоа сметам дека никому нема да му донесе полза. Јас сакам само неколку работи да кажам, госпоѓата Ферати која што ја почитувам и како колешка и како пратеник е избрана во изборната единица број 6, таму каде што 2006 година јас го добив првиот мандат од 6-та изборна единица, таму каде што се наоѓа Југохром, таму каде што се наоѓаат општините Теарце, Јегуновце, тогаш Вратници, Тетово и сите други. Ако сакате и денес може да појдеме во комбинатот во Југохром и да се сретнеме со вработените, има 1.350 вработени и тие 1.350 вработени прехрануваат отприлика 4.000 луѓе како семејства и да ги прашаме сите нив што мислат за комбинатот Југохром Јегуновце. Јас сигурен сум дека ние треба да продолжиме да работиме на подобрување на еколошките стандарди на секој комбинат вклучително на Југохром, но сигурен сум дека не смееме да дозволиме овој важен стопански субјект преку ноќ да го затвориме, затоа што со тоа нема да им донесеме добро на луѓето кои што вам и мене и на колегата Фатмир Бесими и на

Илија Димовски, и на Кенан Хасипи и на сите други ни го дале мандатот да работиме за подобри стопански и животни и образовни и здравствени услови на секој граѓанин во Република Македонија. И ако не сте знаеле, само да ве известам дека претседател на синдикатот на вработените во Југохром е господинот Бајрам Амети, не верувам дека името во звучи македонско. Но, како и да е и тој човек како претседател на синдикатот заедно со своите колеги Македонци, Албанци, Турци и сите други се борат овој комбинат да опстане да работи. И мислам дека Владата треба да ги преземе сите мерки Југохром да продолжи да работи и Југохром според предвидениот сега план и нов рок да продолжи поозбилно да ги применува стандардите по однос на заштита на животната средина. Но, работењето на Југохром, влијаењето на Југохром за животната средината, стопанското влијание на Југохром за Јегуновце, за Тетово, за Вратница, за сите села, за Сиричино, за Жилче, за Ратае, а Подбреѓе, за Лешок, за Теарце, не е влијание за само една етничка група, таму ако има подобри услови, ќе има подобри услови за сите или ако ги нема ќе ги нема за сите. И ние не смееме да го делиме сега и воздухот на македонски чист воздух и не албански загаден воздух. Или да го делиме образованието на албанско одлично или на македонско многу добро образование. Сметам дека барем на овој форум и сега и во иднина, кога и да е, слободно можеме ние политички да се препукуваме со колегите од Демократска унија за интеграција со кои што имаме разлика, со колегите од СДСМ, од ЛДП, со вас, вие со нив, но не би требало меѓуетничките односи во недостаток од аргументи да ги внесуваме како аргумент за потпалување на политичките или меѓуетничките тензии. Благодарам.

**Илија Димовски:**

Благодарам. Контра реплика повелете.

**Мерал Узеири Ферати:**

Благодарам на репликата колега. Јас само кратко ќе кажам, мислам дека не се разбираме, тука се работи за промена на тези. Јас говорам за стандарди и европски критериуми, вие говорите за нешто сосема друго. Воопшто не спомнав дека е проблем дали е Македонец претседателот на Синдикатот во Југохром или не. Се разбира ние се грижиме за вработените таму, меѓутоа вие сте влада, вие треба да преземете мерки, да направите нешто за да се спречи труењето на граѓаните во полошкиот регион. Јас не ја искористувам говорницата, не ја злоупотребувам, говорам токму за темата, за стандарди и европски критериуми. Тоа што вие го правите е релативизирање. Благодарам.

**Илија Димовски:**

Благодарам. Очигледно подолго време ни недостасувало поразлична дебата. Да, има доста пријавени за реплика, има уште еден, двајца, тројца, четворица. Следен за реплика е потпретседателот на Владата Фатмир Бесими, повелете.

**Фатмир Бесими:**

Благодарам на дискусијата и сите покренати теми. Токму тоа е тоа што го бара извештајот за напредокот, значи политичкиот дијалог во домашните институции, во законодавните институции и ова е вистинското место за политички дијалог. Се

разбира ние имаме разлики, претставуваме различни концепти, затоа и граѓаните го дадоа гласот за едниот или за другиот. Меѓутоа, исто така треба било да сме во позиција и во владините институции, парламентот, секогаш настојуваме тоа што го имаме како политички концепт, се разбира да го соочуваме со факти и аргументи, се разбира дека сликата е поширока отколку само фактите што се презентираат за определена тема и сакам да кажам дека иако првиот дел од презентацијата беше во најголема мера во однос на процесот како што стои во извештајот за напредокот, сепак сакам да кажам дека во дискусијата имаше и меѓу партиски пристапи и обвинувања, ние сме се разбира претставници на различни, ние сме претставници на политичките субјекти во институциите каде што сме, меѓутоа пред се е интересот на граѓаните за тоа каде оди земјата. Ќе спомнам само, да јас внимателно слушав, ќе спомнав само една поговорка што ми остави впечаток од првиот говор на претседателот Реган кога тој се трансформира од една политичка ориентација кон друга и тој рече дека е многу малку битно за Америка и граѓаните на Америка дали сме малку полево или малку подесно, битно е каде оди Америка, горе или долу? Денес имаме тема каде оди Македонија? Напред кон Европа или наназад? Помалку е битна темата дали сме еден или друг политички концепт. Ова го спомнувам поради фактот што беа искажани или беа третирани неколку теми како што е буџетот, се даде фактот еден или два проценти распределба од буџетот, ве молам, ова не држи. Не се прави анализа на буџетот на овој начин и вие самите ова го знаете.

Се разбира, кадрите што ги имате во политичкиот собир кои што се занимаваат непосредно со економските прашања, тоа го знаат убаво. Да земеме дека ова е дел од политичката дебата и меѓупартиските обвинувања и тоа е сосема легитимно. Меѓутоа, интерес на граѓаните е да се информирани што е во однос на Буџетот. Не сакам да одземам многу од времето, од времето на припадниците или учесниците во овој форум за конкретни теми, меѓутоа, автопатот Коридорот 8, работите што се почнати и многу други проекти, не сакам да провоцирам со дебатата, само сакам да одговорам со против факти за тоа што вие го кажавте.

**Илија Димовски**:

Ве молам потпретседателе,..... мене треба да ми се обратите, ве молам без меѓусебни..., значи јас ја раководам седницата, јас одговарам за текот на седницата, ве молам мене обраќајте ми се ако имате било какви забелешки. Благодарам.

**Фатмир Бесими**

Исто така, се гради дел од Кичево, Охрид, патот од Бошков Мост кој што ќе го поврзе Коридорот 8 со Дебар. Почнат е и проектот кој што е финансиран до Светската Бака и од ИПА фондовите, значи основниот проект за железничката линија Кичево-Лин и многу други работи, затоа што ќе имаме можност да говориме за вакви проекти. Значи, не можеме, сепак, да говориме за еден или два проценти од Буџетот. Се разбира дека има потреба од регионална рамноправна соработка. Што се однесува и на други сфери каде што стандардот на граѓаните треба да биде еднаков и рамноправен. Токму тоа се вредностите, како што сакам да говорам за рамноправен и ист пристап за сите граѓани. Тука е одговорот и на сите тие дилеми што беа тука отворени во однос на последната ситуација со упадите во деловните објекти. Тоа што е битно и е став на ДУИ е дека институциите треба да имаат неселективен пристап. Не смеат да имаат селективен пристап кон граѓаните во

земјата. И тоа треба да биде правило, принцип и треба да биде тенденција на сите домашни институциите опфаќајќи ги тука и институциите за јавниот ред и мир. Токму на овој неселективен пристап повикува и Извештајот за напредокот и тоа е целта и во сите институции во земјата. Исто така, тоа што е битно тука да се каже е дека нашиот став и денешната дискусија, секако, нашата дискусија кон оваа тема ќе придонесеше уште повеќе и кон европската тема за тоа какви сугестии би имале за последниот квартал и со полна одговорност и објективност ќе кажам дека ќе ги прифатиме сугестиите кои што може да ги завршиме до декември до кога ќе се одржи и Советот на Европа, затоа што ќе се дискутира прашањето за Македонија, затоа што тоа е надпартиски интерес, над тоа што јас го претставувам како претставник на ДУИ во Владата на Република Македонија. Тоа е интересот на граѓаните и затоа тука се разбира, би очекувал коментари, сугестии, критики за тоа што можеме да го направиме во следното тримесечие, конкретно од сега до декември, меѓутоа и во текот на целата година што се однесува на евроинтеграциите. Ви благодарам.

**Илија Димовски:**

Контра реплика. Повелете.

**Мерал Узеири Ферати** :

Благодарам. Повторно многу кратко.

Мора да признам господине заменик претседател, затоа што Вие за разлика од Вашите колеги, ги читате законите. Браво, тоа е добро, има напредок. Се разбира дека политичкиот дијалог не се прави тука. Се знае каде се води политичкиот дијалог. Јас многу кратко, уште нешто ќе кажам, вие прашавте, всушност рековте дека имаме разлика ние во ДУИ од ДПА. Признавам дека има разлика. Вие сте демагог, парекселанс. Ова мораме да го признаеме. Имам само едно прашање за Вас, дали ќе влеземе во НАТО и Европската унија? Албанците се заинтересирани и тоа сакаат да го слушнат. Не рокови, ве молам, не рокови, затоа што шест месеци поминаа, сега барате уште шест месеци, ве молам, не сакаме рокови.

**Илија Димовски:**

Немам деловничка можност. Може ли во дискусијата на крај да се вклучиме, зошто еднаш ако прекршиме знам дека сега е малку и некоректно поставено прашањето. Мене ме доведувате во непријатна ситуација. Во ред, на крај ќе му дадеме можност на потпретседателот на Владата и сигурен сум дека ќе има солиден одговор на овие прашања. Се извинувам до него, но морам да го чувам некако редот пошто после прекршување еднаш, сите ќе бараат прекршување. Имаме уште тројца пријавено за реплики и уште пет души за дискусија, да ве информирам околу оваа точка.

Еве, ако мислите, да замолиме сето тоа да е во некои коректни рамки и дискусиите кои што се подолги, репликите мислам дека коректно се одвиваат од сите страни досега.

Следна за реплика  госпоѓа Силвана Бонева, потоа е госпоѓа Солза Грчева, и на крај е госпоѓа Нора Алити. Тоа е кругот на репликанти и тука ќе заврши тој круг, па ќе продолжиме со дискусиите.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине заменик претседател.

Би сакала дискусиите барем на Националниот совет за евроинтеграции да не бидат дискусии кои што ќе ги гледаат работите со етничка диоптрија. Градењето на добри меѓуетнички односи се наша заедничка обврска, прво за доброто на граѓаните на Република Македонија, меѓутоа и основ за нашето евроинтегрирање. Ниту Буџетот на државата, ниту инфраструктурата, ниту било која друга услуга во државата не може да ја делиме по етнички клуч, бидејќи ја користат сите граѓани на Република Македонија без оглед на нивната етничка или било каква друга припадност и тоа е спротивно на стандардите и европските критериуми, како што рече колешката. Затоа, мислам дека треба и почитувањето на законите, и акциите на институциите да не се гледаат како закана на една или друга етничка заедница, туку да се гледаат само од аспект на почитување на законите на Република Македонија.

Беше спомената акцијата на полицијата и УЈП и беше квалификувана дека е со цел да се удри по албанскиот бизнис и да се внесе страв помеѓу Албанците. Ние често пати досега сме дебатирале на ваквите ставови од страна на колегите од ДПА, но сметам дека не треба ваквите акции да се гледаат изолирано. Треба секогаш да се гледа што се случува на територијата на целата Република Македонија. Дали се гледа почитување на Законот на територијата на цела Република Македонија, дали имаме такви акции на УЈП и други институции на територијата на цела Република Македонија. Јас ќе земам пример само од местото од каде што доаѓам, Струмица, или источниот дел на Македонија каде што нема ниту еден Албанец, меѓутоа, акциите на УЈП, полицијата, па дури и Агенцијата за заштита на авторски права се одвива идентично онака како што се одвива во Старата чаршија или во Гостивар, или во другите.

Да, токму така, почитуван колега. Значи, само што разликата е во тоа што никој, ниту од Струмица, ниту од источниот дел на Македонија не излезе во јавноста и да рече: зошто Агенцијата за заштита на авторски права си дозволува заедно со инспекторите на УЈП и полицијата да ни влегува во, пример, во геодетските бироа, или во другите институции, или да ги затвора малите бизниси заради непочитување на одредени закони. Значи, немојте да сееме помеѓу граѓаните на Република Македонија несигурност и страв врз основа на неаргументирани ваши кажувања, бидејќи она што го работи и Упрвата за јавни приходи, и полицијата, и сите други институции, тоа го прават на територијата на цела Република Македонија и нема никаков основ да биде гледана врз основа на тоа кој е припадник на една етничка заедница, на една политичка партија или било каква друга припадност. Ве молам, почитувани колеги, посебно овде во Националниот совет за евроинтеграции да не ги користиме овие прашања бидејќи темата е многу сензитивна, ни сме овде да градиме добри меѓуетнички односи, да бидеме промотори на почитување на законите, а не неосновано да сееме страв и несигурност кај граѓаните на Република Македонија или пак да поттикнуваме меѓуетничка нетрпеливост.Благодарам.

**Илија Димовски:**

Благодарам. Дали има контра реплика? (нема).

Последна за реплика е госпоѓата Солза Грчева, повелете.

**Солза Грчева:**

Благодарам. Најпрво да се заблагодарам за приемот во Националниот совет.Иако се согласувам со многу уводни ставови со колешката Ферати, оценувајќи го Извештајот и ситуацијата во нашиот евроинтегративен процес, апсолутно се согласувам дека ние сме во ќорсокак и тоа е констатирано зошто и подоцна сум пријавена за дискусија.

Една работа во нејзиното излагање ми зазвучи чудно кога ги изложуваше податоците, на пример, за Македонската академија на науки и уметности, кога рече дека има Албанец, а не знам 51 Македонец, 53, еве вие ги знаете податоците, за среќа тука е и го гледам и претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, господинот Камбовски, па нека ме демантира ако грешам. Јас лично познавам тројца Албанци, може се и повеќе, но тројца јас лично ги познавам, се членови, господинот Беџети, господинот Абази и господинот Старова, колку за ваша информација таму има и една Пољакиња, да речеме колку посто има Пољаци во Македонија, другите не се Македонци, има и Власи и од сите апсолутно националности, и мислам дека не треба воопшто да се политиката барем таму, политиката никако не смее да влезе во МАНУ, барем тоа место да го оставиме незагадено од политика. Тоа не е локална управа, тоа не е јавна администрација. Критериумите за влегување и работа во Академијата се сосема јасни и познати. Јас не верувам дека некој во Кралската академија во Англија смее некогаш да каже колку Шкоти има и колку Велшани и колку Англичани. Едноставно, познати се критериумите. Ви реков, вие рековте членови на Академијата на науката, а административни лица, навистина, ниту знам, ниту ме интересира. Тоа не може да биде, да речам, еден аргумент кој што го извлекувате во корист на тоа дека, да речам, се прави некаква дискриминација. Вие имате право, апсолутно кога зборувате за унапредување на меѓуетничките односи и тука ви давам апсолутна поддршка. Тоа се работи кои што се нотираат во секој Извештај, тоа е прашање на кое што не недоволно се работи и треба да се работи. Но, кога изнесуваме факти тие треба да се вистинити. Благодарам.

**Илија Димовски:**

Благодарам. Контра реплика, повелете.

**Мерал Узеири Ферати**:

Благодарам колешке на репликата. Само една корекција, јас не реков, јас не говорев за членовите на Македонската академија на науките и уметностите, туку за вработените во администрацијата на академијата. Ако вас не ве интересира, мене навистина многу ме интересира колку се застапени Албанците во институциите. Законска обврска е правичната и соодветна застапеност во институциите на државата. Благодарам.

**Илија Димовски:**

Добро. Последна за реплика е госпоѓата Нора Алити, повелете.

**Нора Алити:**

Благодарам господине претседавач. Почитувани присутни, да не заборавиме дека агендата на интеграцијата треба да биде надпартиска агенда, а не само за да

се тргне некој од врат. Демократската унија за интеграција продолжува да ја има и понатаму оваа надпартиска агенда. Ние ќе работиме да не се загрози и департизацијата на процесот на евроинтеграциите е неопходна за да се има одржливи реформи, за да има опипливи реформи за да има институции кои што поднесуваат сметка. Сакам да ве потсетам дека иако господинот Фатмир Бесими е кадар на ДУИ со кои што ние апсолутно се гордееме што е во нашите редови. Тој, тука и надвор од оваа сала е заменик претседател на оваа Влада, тој е заменик претседател на Владата за сите граѓани на Република Македонија, без оглед на нивните политички убедувања, етнички припадности или пак каква и да е друга разлика. И понатаму, останувам поддржувач на дијалогот и дебатата. Сепак, ќе изразам жалење што оваа денешна дебата има можност да ја претвориме во партиски и етнички судир и ќе апелирам до сите, значи, да работиме во насока на обвинувања не на поделби, мислам дека сите сме заедно и единствени што се однесува на нашето интегрирање на Европската унија. И секако, ние ги очекуваме сите препораки за тоа што треба да направиме, меѓутоа, да бидат конструктивни било и да ја приближат и за една минута Македонија поблиску до Европската Унија. Ви благодарам.

**Илија Димовски:**

Дали има контра реплика? (нема)

Продолжуваме со дискусијата по пријавените. Следен за дискусија е господинот Мерван Џемаили, повелете.

**Мерван Џемаили:**

Благодарам претседавач. Почитуван заменик премиер, почитувани претставници на Европската унија, колеги пратеници, ние денеска дебатираме за реализација на активностите на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и јас ќе се осврнам во неколку точки да дискутирам на начин да давам сугестии околу исполнување на должностите кои што произлегуваат од Извештајот, но истите да важат и за последниот квартал. Ќе застанам на неколку точки, политичкиот дијалог. И претходно се спомна од заменик премиерот дека тука е местото каде што треба да се одвива политичкиот дијалог, тука е местото каде што треба да се дадат сите мислења и сугестии за целта која што е: членството во НАТО и Европската унија. Ние ќе станеме нивни членки, бидејќи нема каде друго место каде би оделе. Судството беше втората точка, но пред да продолжам со судството, ќе се задржам уште малку кај политичкиот дијалог. Ние сите заедно треба да работиме за да влијаеме и другиот дел на опозицијата да се врати во Собрание. Исто така, ќе ја искористам приликата да го поздравам враќањето на албанската опозиција во Собранието и да помогне во овој процес, а да не се занимава со работи кои што се минато. Ако некој се повикува во име на гласачите тогаш Демократската партија за интеграција има 125 илјади гласови, ако некој вели дека ние не сме направиле ништо тогаш кога ДУИ беше член на Владата, Албанците беа претставени со 2%, сега постигнато околу 20%. Ние треба сите заедно да пмогнеме за да ги дадеме нашите идеи како да ја зголемиме довербата во судството. Другата точка е добрососедските односи. Една многу интересна тема во последниот Извештај за напредокот, и самата Европска комисија бара од земјите членки еден многу проактивен ангажман околу решавање на проблемот со нашиот јужен сосед.

Значи, ова е уште една надеж да се занимаваат со нашата земја работите кои што се поосновни за членство во Европската унија. И да не заборавиме дека ние во Македонија имаме една поддршка која што е повеќе од 70% од граѓаните за овој процес. И ова треба да ни служи како охрабрување да продолжиме се потребните реформи. Благодарам.

**Антонијо Милошоски (претседавач до крајот на седницата)** Благодарам.

Дали има некој за реплика. (Нема)

Доколку нема тогаш продолжуваме понатаму.

Следен за збор е господинот Антони Пешев, потоа академик Владо Камбовски, потоа господинот Орхан Ибраими и потоа колешката Солза Грчева.

Повелете господине Пешев.

**Антони Пешев:** Благодарам.

Драго ми е што денеска имаме шанса повторно да разговараме малку во подинамична атмосфера и покрај тоа што остро се спротивставувам на принципот на злоупотреба на оваа комисија за интерпартиско препукување и собирање на политички поени на база на нешто што ниту ние како надворешни членови сме во состојба да го измениме. Во спротивно би сакал да ве замолам да донесете еден до два семафора овде за бројот на вработени во администрација па да знаеме каков е билансот во моментот со оглед на тоа дека денешната расправа се претвори во лицитирање за тоа кој колку и каде вработил во администрацијата, а нашата општа заложба како економија е да администрациајта генерално се намалува. Ако сакаме да имаме ефикасна држава треба да имаме и ефикасна администрациа, тоа значи и сегашното ниво на администрација е повисоко ниво што е стандардот во било која нормална европска држава. Тоа е додатен притисок нарочито сега би сакал да го прашам потпретседателот на Владата а што ми заличува за клучен елемент, значи покрај политичките критериуми што досега ги имавме поставено за кои можевме генерално да се сложиме дека за значаен дел од нив треба да поработиме, а тоа е политичкиот дијалог, независното судство, слободата на медиумите за кои уствари постигнавме консензус во оваа комисија дека треба да се подобрат. Од скоро време слушаме дека во Европската унија ќе влегуваат, барам одговорот од потпретседателот, ќе се бараат високи економски стандарди на државите кои треба да влезат во Европската унија што е специфично на посочување на параметрите, тоа значи намалување на буџетскиот дефицит, општото ниво на задолжувања, отвореноста на пазарот на работна сила, постигнувањето на високи перформанси во економскиот раст и транспарентност на функционирањето на економскиот систем. Тоа се изјави кои ги слушнавме од високи претставници од Брисел. Ако ми дозволите ова е веројатно разговор за следната точка, меѓутоа со оглед на тоа дека во извештајот скоро 20-25 страници обработува, би сакал да прашам да не е случајно ние влегуваме вон ова фаза на евроинтегрирање во која таргетот ни се оддалечува наместо да се зближува. Значи покрај политичките параметри кои досега беа доминантни и единствени ни се поставуваат многу високи економски стандарди со оглед на тоа дека можам да ви потврдам дека значаен дел од овие податоци се горе - долу точни заради тоа што се верификувани од меѓународните финансиски институции. Можеме да дебатираме плус-минус 1% или 2%, меѓутоа точно е дека Македонија има околу 4% економски раст, меѓутоа кога на Македонија и побарате

22% економски раст, а повеќе од 60% од државите во Европската унија имаат економски раст помал од нула, тогаш кои се параметрите реални за кои ние реално говориме и повторно се враќаме. Ако ја користиме оваа комисија и таа почнува да заличува на перална на валкани алишта што си имаме дома и почнеме да си пукаме во ногата како што обично знаеме да правиме за да искористиме малку политички поени, мислам дека не ја постигаме целта, или во спротивно дајте да седнеме да се договориме дали навистина сакаме да идеме во Европската унија и кои се параметрите на кои сите ние треба да поработиме тоа да биде остварено. Инаку, мислам дека колеги пратеници нас да не ослободите од можноста да преслушуваме исто што слушаме и на Парламент заради тоа што имаме многу ретко прилика да седнеме на маса и да поразговараме со вас за реални прашања кои се однесуваат за евроинтеграцијата, а ова што денеска го чувме овде се случува секој ден во нашиот Парламент и се дебатира нон стоп. Она што мислам дека е клучно и за кое ние треба да поразговараме е некои генерални принципи во кој бизнисот воопшто не го тангираат. Не се сложувам дека приватниот бизнис е поделен ниту по национална основа, не се сложувам дека бизнисот во нашата држава е партизиран, географски поделен и нефункционален, не се слагам со некои параметри, меѓутоа се слагам со ова, некои генерални принципи кои можеме да ги употребиме, дали судскиот систем во делот на економијата е селективен или не па да видиме како тоа да не се случува. Можам да се сложам со тоа дека можеме да дебатираме за начинот на едукација на нашите стручни кадри со обзир на тоа дека економијата веќе подолго време вика дека имаме несоодветен систем на образование кој не продуцира вистински кадри за нашата економија и овој тип на економија која ја форсираме. Можеме да дебатираме за слободата на медиумите и можноста за изразување на слобода на нашите ставови, меѓутоа тоа е генерален принцип, тој воопшто не се однесува ниту за нас Македонците, ниту за Албанците, ниту за било која национална заедница во Македонија. А, што се однесува до селективната примена на законите тоа е нешто што можеме да го дебатираме, меѓутоа ова не е местото на кое тоа се дебатира. Ако имате такви прашања ве молам отворете прашање. Има специјална комисија за такви прашања во Собранието на кое може реално да се дебатираат овие прашања.

Она што сакам уште еднаш да го поставам како прашање и очекувам не веднаш одговор туку во следната точка е, да не случајно Европската унија ни подготвува нов пакет барања кои што ќе бидат уште две должини подалеку од сегашните. Ако е така тогаш овој комитет треба сериозно да се врати на една моја заложба од пред неколку години кога реков дајте да направиме костбенефит анализа на влегувањето во Европската унија. Ако ни побараат 20% раст тоа не е остварливо. Благодарам.

**Антонијо Милошоски:**

Му благодарам на господинот Пешев.

Збор има академикот Владо Камбовски, повелете професоре.

**Владо Камбовски:**

Благодарам господине претседавач. Го поздравувам присуството на заменик претседателот на Владата. Ние сме сега во функција како Совет прво да дадеме една оценка за реалноста на Извештајот, дали во Извештајот се реално прикажани состојбите, напредокот, назадувањето или стагнацијата во однос на програмата за

евроинтеграција, усогласување на правото со правото на Европската унија. Добро е што отвараме расправа по одделни теми што се разбира е исто така полезно за натамошните активности на надлежните институции на овој план. Веројатно кога ќе дојде и завршен извештај ќе може да се фрли поглед врз целината на напредокот после четвртиот квартал и во тој дел мислам дека расправата оди по еден нормален тек независно од овие мали заостанувања, затоа што сепак тука треба пратениците да ги чујат малку и овие кои доаѓаат од други средини затоа што дијалогот помеѓу нив е горе-долу познат. Начелно мислам дека треба да се поправи извесна несразмерност во деловите на Извештајот во иднина. Од 60-тина страници околу 40 се посветени на економските критериуми на економијата. Се разбира дека тоа е важно, не велам дека тој дел е лош туку напротив дека е токму стокмен како што треба да биде стокмен 2/3 а 1/3 е посветена на овие други подрачја кои се подеднакво важни и на кои се укажува во забелешките за напредокот на Република Македонија со слободите и правата итн.

Следната начелна забелешка е тоа што мене ми недостига присуството на регионалниот елемент вграден било кај политичките критериуми, добрососедски односи, било кај економските, економска соработка, па дури во делот на култура, образование итн. Знаеме дека регионалниот пристап станува се поактуелен и поактуелен и на дневен ред доаѓа прашањето за интеграција на балканските држави. Знаеме исто така дека кај нас се прават редица напори за да се одговори на таквото барање, заеднички седници на владите на одделни држави и слично. Но мислам дека тука има простор за една анализа на состојбите, нашиот аспект и исто така врз основа на тоа градење на една соодветна политика во Македонија во која Македонија како едно средиште на целиот балкански простор ќе излезе со свои иницијативи за балкански интеграции. На тој начин ние фактички ќе олесниме пристап кон многу прашања еве и денеска беа поставени околу мултикултурните општества, интеграциите положбата на делови од народи кои живеат итн. Само тука мое д се бара излезот за надминување на некои стереотипи или парадигми од 19 век да не речам 20 век каде што се отвораат битки околу тие прашања.

Сега сакам да најдам одговор на прашањето зошто вториот дел да речеме од правосудство и натаму ја нема истата тежина како што ја има првиот дел. Одговорот по мене е едноставен.

Во првиот дел економски критериуми каде што државата има прецизно одредени ингеренции и тоа големи ингеренции во однос на донесувањето на законите во фискалната сфера итн., по однос на политиките и слично, може да влијае врз овие текови и тука се добро претставени законите, политиките, мерките па и резултатите на примената на одделни мерки, да речеме во одделот на вработување и слично.

Во вториот дел го нема тоа, а го нема затоа што тоа се независни или горе-долу самостојни сфери во рамките на државата, независно судство, една автономна сфера на образование, автономна сфера на науката и слично, во кои ингеренциите на извршната власт се ограничени. Во делот на судството со начелото на поделба на власта. Судството е независно. Во делот на наука и образование итн, со уставните ограничувања дека државата овде само го поттикнува и помага развојот на науката, образованието, а не управува со образованието и науката. И, тука покрај сите напори да се внесуваат регулативи и слично, тие не успеваат затоа што не се остварува духот на таквата заложба, а тоа значи во тој дел законите, политиките,

остварувањето да се остварува во координација со тие дејности, значи ни фали координација. Не може да се донесува Закон за високо образование без соработка со високо образовни институции, Закон за науката итн. да не зборувам тоа се познати работи. Е, сега, од тие причини да речеме во делот на судството ние само само прикажуваме некои активности на судскиот совет кој не е судство. Тоа е една институција која ја гарантира независноста на судството но не е судство. Судство се судовите во поширока смисла институции се Јавното обвинителство итн, а за тоа немаме во извештајот никакви податоци. Значи треба да ги добиеме од некаде и мислам дека ваквите делови на извештајот треба да се подготвуваат во поинтензивна координација и соработка помеѓу надлежните ресори кои треба да ја следат состојбата во тие области и самите овие области. Така ќе ни се случи да речеме да имаме штури податоци во делот на било кое подрачје од кое оној кој што ќе го чита кварталниот извештај и европските институции нема да разберат многу. Борба против организираниот криминал и тероризмот. Државата кажува што направила таа. Направила, постапила според некое препораки, заклучоци и слично, но кој е ефектот од тоа нема во извештајот. Дали е зголемена ефикасноста во борбата против тероризмот, во преземањето на превентивните мерки и слично. Тоа е не само методолошка препорака моја туку и една суштествена забелешка која упатува на тоа особено во однос на овие независни сфери како што е судството и другите треба процесот на натамошна интеграција да вклучи еден активен однос и координација помеѓу надлежните министерства и Владата. Инаку сега за сега е тоа што имаме но се надевам дека во иднина можеби за тие прашања кога ќе дојдат на дневен ред темите кои се предлагаат и кои јас ги прифаќам ќе поразговараме повеќе. Ова е сега направено и тоа е тоа. Благодарам.

**Антонијо Милошоски:**

Благодарам за дискусијата на академикот Камбовски.

Продолжуваме со збор на колегата Орхан Ибраими од ДПА, благодарам.

**Орхан Ибраими:**

Благодарам.

Јас не мислев воопшто да побарам збор за дискусија, меѓутоа дебатата што се поттикна тука многу идеи многу мислења се искажаа и не натераа и нас да ги кажеме нашите лични идеи, меѓутоа исто така и да ја искажеме грижата на нашите граѓани и позицијата на субјектот од кој што ние доаѓаме. Од потпретседателот на Владата особено од неговиот лидер сме слушнале дека овие поминати 6 месеци се последниот рок на овој субјект и дека друг рок нема да дадат на партнерот во коалицијата за интегрирање во НАТО и во Европската унија. Меѓутоа шест месеци поминаа, поминаа и разни самити на НАТО и на Европската унија. Веќе сме навлезени во следното шестмесечие, продолжувате со истите лаги, со истите манипулации пред јавноста особено пред Албанците. Шест месеци се стотици дена изгорени од вас, меѓутоа 12 години се илјадници денови изгорени од вас со лажење и мамење на Албанците. Тоа е несреќата што ни се случува и секој ден ја доживуваме оваа голгота, особено граѓаните Албанци. Во последно време, последната година особено неколку институции тука во Македонија ги принудивте да манипулираат и да калкулираат со разни истражувања што ги направила Светската банка, што ги направил Американскиот универзитет тука заедно со Светска банка

затоа што ако останеше само на Светска банка немаше никогаш да го направи тоа истражување, мислам тука на приходите што доаѓаат од нашите печалбари и се разбира ова истражување требаше да се направи. Ние не манипулираме со бројки со факти кои што се лично наши индивидуални, туку манипулираме калкулираме со бројки на институции кои се со голема тежина и релевантност. Светската банка во своето истражување има констатирано дека од Македонија овие 12 години заминале 500 илјади граѓани, значи да не видам дека не знам, немам знаење, не се сите Албанци, меѓутоа сепак голем дел се Албанци и од истражувањето на Светската банка и Американскиот универзитет значи од овие иселеници доаѓаат секоја година околу две милијарди евра дознаки во Македонија и кога ќе се претворат тие во приходи во буџетот се околу 200 милиони евра годишно дознаки, а тука се вели дека не може да се гледа буџетот на овој начин и не може да се спореди кој колку инвестира. Повторно ќе дојдам до разните експерти. Ние како политички субјект сме констатирале дека буџетот на Македонија Албанците го полнат 1/3 или една милијарда евра а сега слушаме од многу експерти со голема тежина кои што го велат и го споделуваат токму ова мислење, а ние можеме да говориме, политиката е уметност се разбира, меѓутоа економијата, финансиите се бројки. Ние гледаме како се распределени парите по ставки. Гледаме како се собираат овие приходи од каде доаѓаат и каде одат. Се кажа тука Коридорот 8. Кој Коридор 8? Каде почнува, каде завршува тој Коридор? Од извори во Охрид? Кој пат е приоритетен дали Извор-Охрид или Гостивар-Кичево. Потоа Коридорот 8. Се знае каде поминува оди во Струга мил потпретседател на Влада.

Меѓутоа, доста со овие манипулации. Нема прво е Коридор 8, тоа е проект за македонските населени места, ниту едно албанско село не е таму од каде што поминува овој Коридор 8. Сум поминал десетици пати како и вие што поминувате. Меѓутоа тоа е проект кој што чини приближно една милијарда долари. 80%, 90% се од кинеската државна банка средства, во кои што ќе учествуваат и Албанците за да се враќаат. Вистина е, ние сме слушнале тоа што рекоа некои од колегите што се од другите институции, членови во ова тело. Значи многу пати сме го кажале овој факт, можеби е повторувањето претерано, меѓутоа принудени сме да го кажеме тоа по стотици пати заради граѓаните заради јавноста за да ги дознаат овие факти. Овие се факти, ќе мораме ние заеднички 30-40% од овој заем, од овој кредит ќе мора да го враќаат и Албанците. И тука сме слушнале од пратениците од Македонска национална припадност, дека и Албанците поминуваат по тој пат. Вистина е дека поминуваат и Албанците, поминуваат Албанците и низ Бугарија, низ Грција, низ Србија и на секаде. Патиштата се универзални тоа без дискусија. Меѓутоа, каде се инвестираат, каде одат тие средства. Не е вистина дека само ние го велиме ова. Ова го велат и меѓународните институции. Тоа го кажува и извештајот за напредокот. Меѓутоа вие тоа не сакате да го читате. Вие само површински, формално ги кажувате овие работи. Овие работи што јас ги кажувам и оваа дебата, јас само ги претворам истите работи во факти. А овие факти на генерален начин ги има набројано и извештајот за напредокот, тоа дојде и го кажа и Викторија Нулан, висок претставник на стејт департментот. Имаме економски дисбаланс, регионален дисбаланс, имаме неколку слободни економски зони и официјалните бројки на кои што се повикуваат тука 72 илјади Македонци во приватниот сектор. Во слободните економски зони се вработени, меѓутоа ниту еден Албанец не е вработен во слободните економски зони во приватниот сектор. И сега овие работи да не ги

кажеме затоа што не се вистинити. Вистина е, меѓутоа  многу се болни и за тоа се принудени Албанците да заминат од тука. Јас многу пати сум поставил и директно прашање до вас. Дали некогаш сте испратиле некој близок кој што заминува и да ве заболи срцето. Сте го пораснале, сте го школувале и сте му ја отвориле вратата и сте му рекле замини од тука, нема аир од тука. Со какви чувства го испраќате. Меѓутоа, тоа се деца. Тоа се семејства, тоа е мојот народ тоа се и мои сограѓани. И навистина ме боли што заминуваат од тука. Тоа се факти и докази. Се зборуваше за судската власт, критичка, многу критично, но таа забелешка во извештајот, судството е селектирано, партизирано, политичко, а вие како политички субјект, два мандати го имате ресорот правда. Што превземате за реформирање. Уште 6 следни месеци. Уште следни 4 месеци, вие, сте биле промотор на преговорите за Изборниот законик. Тоа го рековте и самиот. Тоа е забележано во извештајот. Вие заедно со СДСМ кои што денес не се тука и со ВМРО, сте рекле дека ние сме го донеле унифицираниот изборен законик врз основа на стандардите и барањата на ОБСЕ. Само ДПА беше единствената партија која што излезе со сопствени барања со барања кои што кореспондираат точно со барањата на ОБСЕ, а кои што не се исполнети. Денес, ги гледаме истите забелешки како континуитет на барањата на ОБСЕ. Тоа го гледа и македонската опозиција. И тие, тоа го прифатиле. Тие го прифатиле, самите го изготвиле тој Изборен законик, соработувале со вас со ВМРО ДПМНЕ и со вас и тие немаат морално право да бидат надвор, само ние не учествуваме во тие разговори, сме давале отпор и сме рекле дека Изборноит законик не е донесен на консензуален начин. А денес гледаме дека се вели дека треба да се донесе нов изборен законик, каде што се земаат предвид сите реални позиции што ги бара ОБСЕ, се разбира ги бараме и ние. А овој Изборен законик е алфа и омега на правата и слободите на граѓаните и заедниците. Овој Изборен законик ќе ги донесе тие гласови што сакате и што уживате вие од ДУИ да кажете дека сте ги донеле. Затоа што овој Изборен законик дозволува семејно гласање, вршите притисок врз државната администрација и се друго. И сето тоа ние сме го пријавиле, сме го фактографирале пред меѓународниот фактор многу пати, значи имаме резултати во многу населени места, имаме такви докази во многу населени места и многу се слични со Северна Кореја тие настани. Оваа држава која што се претставува дека имаме демократски постапки ете во општина Гостивар ДУИ 110 гласа, а ДПА 7 гласа. Во Тетово ДУИ 470, ДПА 70. Кичево Зајас населено место во Зајас во изборно место 14 два гласа за ДПА, 355 за ДУИ. Потоа гласачко место 0816 - еден глас ДПА, 413 ДУИ. Општина Кичево градот, Србица, ДПА 12, ДУИ 592 гласа. Кичево, повторно ДПА 19, а ДУИ 312 гласа. Потоа друга општина исто така огромна, зарем нема ниту еден граѓанин таму што мисли поинаку за партиите и албанските политички субјекти. Зарем сите биле воодушевени по ДУИ, сите среќни затоа што добиле рај од ДУИ. Не, не е вистина. Тоа се клиентски гласови. Гласови од уцена, без да има вистински процес на гласање. Во Кичево ДПА нула гласови, ДУИ 77 гласа, на едно гласачко место. Тоа се тие случаи, тие докази. Тоа се тие гласови. Нема други. А, правичната и соодветна застапеност во администрацијата е уставна категорија во државната администрација, меѓутоа и законска категорија. И тука, не знам некои од пратениците не ги интересира колку има вработени во МАНУ, нас не интересира. Навистина не интересира таа Академија за жал 70 и неколку години го произведува овој менталитет и ова време и овој концепт и филозофија на државата и до ден денес сме обременети и оптеретени со тие мислења. До ден денес не

можат да ги гледаат Албанците како рамноправни. Меѓутоа Македонија не може да прави чекори на напредок без Албанците. Тоа е одлучувачки елемент, не проблемот со Грција, туку проблемот со нас, овде, повторно треба да се изгради Охридски рамковен договор. Оваа правична застапеност произлегува од Охридски рамковен договор и требаше истиот да се реализира до 2004 година, меѓутоа, денес сме 2014 година и ние продолжуваме и понатака да говориме за Охридски рамковен договор дека наводно се зголемиле бројките. Меѓутоа не се вистинити тие бројки. Народниот правобранител има понудено бројки за 103 илјади државни службеници, а во Македонија не се знае колку има 160-170 илјади државни службеници. Вистина е тоа што кажа еден член тука. Дека е државата можеби треба да се растерети за да има една попрофесионална државна апаратура. Да, треба да се растерети меѓутоа Албанците треба да бидат рамноправни, таму. Мораат сите институции, во Народната банка и во другите релевантни институции во МАНУ на секаде каде што функционира државата, немаме бројки и не се доставуваат до Народниот правобранител. Доколку се достават тие податоци, ќе се нарушат, ќе се срушат сите тие тези дека 15-16% е застапеноста на Албанците во институциите. Да не говориме за правична и соодветна застапеност. Ја знаете разликата меѓу правичната и соодветната застапеност. Соодветна застапеност значи, хоризонталниот аспект на државната администрација. Значи, имаме разни ресори во Министерството за внатрешни работи, каде што Албанците се едно големо ништо, нула. Во Министерството за финансии, нула застапеност. Во Министерство за надворешни работи, застапеноста на дипломатската, конзуларната е катастрофална застапеност. И да се каже денес дека не може Албанците соодветно да застапуваат затоа што нема кадар, тоа е иронично. Денес Албанците во Македонија придонесуваат и се систематизирани во многу релевантни институции во светот и во странство, а во Македонија сме немале кадри, не, нема политичка волја за тоа. И второ, проблемот е едноставен кај политичката застапеност на Албанците, кој ги застапува? Колешката Мерал рече дека е трагично, трагикомично - 2 инспектори од УЈП денес одат во еден локал, или фирма, или правен субјект, кој што има трговска дејност или стопанска дејност, само двајца тоа можат да го направат од ДУИ, а не Министерството за внатрешни работи. Навистина е скандалозно. Не се специјални единици со придружби и со кучиња да се оди, за тоа што во тие локали, може случајно да има и млади генерации од 16-та или 17-та годишна возраст и тие трауми од тие слики ќе им останат врежани на нивното сеќавање, не ли е трагично. Ова е вистинито. И тоа заменик директорот од УЈП вели не сме издале таква наредба. Тоа го прави полицијата. Полицијата насила ги зима инспекторите и отиде по тие субјекти. Меѓутоа излегува директорот вели не, Управата за јавни приходи побарала помош и на крајот излегува Јанкуловска и вели, не овие не ги знаат законите, овие не знаат ништо, немаат поим што се случува во државата. Не знаат. И кој страда? Се разбира страдаат истите, самите. И оваа ситуација носи економски дисбаланс и безперспективност на Албанците тука. Медиумскиот простор и слободното изразување, каде може да има простор за слободно изразување, кога нема Изборен законик, не се почитуваат законите кога има полиција и државата има изглед на полициска и воена држава. Знаете што значи слободен медиум? Слободен медиум ете на пример во Албанија, ако се гледа што значи политичка дебата, институционална дебата и што значи дебата во едно општество, тоа се случува таму, не тука. Последните 3-4 дена овие медиуми и граѓанското општество и

државните албански институции биле преокупирани со посетата на премиерот, на албанскиот премиер во Србија, тоа е. Дебата. Имаш 10 национални телевизии, еден јавен сервис и другите се приватни и секоја вечер таму се одвива дебата помеѓу граѓанското општество, помеѓу опозицијата и власта. Каде ја гледате тука опозицијата? Имаме една телевизија само која што не е ни Албанска телевизија, таа само што ја следи пораката на концептот на оваа држава. Мислам на АЛСАТ и речиси секогаш „истите“ луѓе, „истите“ аналитичари ги поканува на дебата и тие не се разликуваат од владината политика и таму има само еден глас и нема разлика. Е, па нема политичка дебата, не може да има во една држава политичка дебата каде што државата има такви политички перформанси. Не може. Треба сите да придонесеме, се разбира и ние како политички претставници треба да придонесе и МАНУ а не да молчи. Треба да има план на дејствување. Се разбира согласно барањата и извештајот на Европската комисија. А не само декларативно, само да се претвораме, да импровизираме, за жал Македонија се гради и изградила институции импровизирајќи демократија. Немаме вистинска демократија. Доколку имаше вистинска демократија, повторно ќе кажам со длабока увереност ќе кажам, дека нема да се случат овие резултати 400 на спрема нула. Значи, тоа не може да се случи, апсолутно. Затоа што маките и проблемите на граѓаните се слични, како на граѓанинот од Куманово, од Скопје, Албанецот овде или во кое било  нема вода за пиење - исто. Кај нас имаше уценување, клиентелски гласови, меѓутоа, не се случило да биде разликата нула гласови. Ова е државата за која што сакаме да кажеме дека е демократска држава и не сакаме да ги читаме правилно, а не е тешко да се прочитаат сите наброени во извештајот за напредокот. Сепак, доаѓаме тука, говориме работи што се невистинити, продолжуваме со манипулации, продолжуваме со удар врз колективната интелигенција, особено албанската интелигенција и се случуваат и многу други скандалозни случаи со нашето секојдневие. Благодарам.

**Антонио Милошоски:**

Благодарам на колегата Ибраими.

Кратко реплики најавија професорот Мирчев и господинот Антони Пешев, повелете.

**Димитар Мирчев:**

Господин претседавач и јас вистина протестирам за овој начин и на расправа тука па ако сакате и за водење на седницата од кои причини ќе ја напуштам оваа седница. Имено да образложам неколку работи. И во минатиот мандат и јас и повеќе други членови се заложувавме на Националниот совет кој е составен од најразлични структури има луѓе од културата, од стопанството, од црквите, од граѓански невладини организации да не се повторува праксата на собраниски седници каде што опозиција, полемизира со позицијата и со власта, без разлика дали е македонска или албанска итн.

Јас не знам, мислам дека и Ибраими во минатиот мандат. Меѓутоа требало бар да се земе во обзир тоа што тогаш Националниот совет го усвои како еден стандард. Меѓутоа денеска ¾ од времето отиде за да не убедите дека, не да го убедите потпретседателот или ДУИ, да не убедите сите нас дека Македонците ги дискриминираат Албанците во оваа земја. Тоа беше поентата. Инаку апсолутно не е поентата вие да полемизирате со господинот Бесими, бидејќи имате други места

каде што меѓу партиски можете да се препукувате. Вие го злоупотребивте нашето време, не дискриминиравте, не навлегувам во вашите оценки, податоци итн., за кои очигледно е . . .

(од место)

**Димитар Мирчев:**

Не, не. Ве молам сфатете го тоа дека ние не сме дојдени овдека, бар ние што не сме пратеници да слушаме ¾ од времето за дискриминацијата врз Албанците. Има други форуми за тоа. Имаше повеќе форуми кои го оценуваат, да кажеме Охридскиот рамковен договор и имплементацијата, меѓутоа ова место не е за тоа, а вие го претворивте во тоа. И предлагам господин претседавач, во Деловникот апсолутно да се ограничат и дискусиите и бројот на реплики и должината на репликите и во Деловникот да се донесе една одредба дека кога е на дневен ред, се дискутира на таа тема, не на други теми. Благодарам.

**Антонио Милошоски:**

Благодарам професоре. Јас се согласувам, но за жал, иако сум претседавач, како и претходниот, немаме право да ограничиме било кој пратеник по времето или темата, можеме да укажеме, да апелираме, да замолиме за самата, би рекол, совест и однос на секој кој што ќе се пријави за збор, и тоа е најмногу што можеме, па јавноста нека оцени кој и на коков начин ги употребува и вашето и нашето време тука.

Повелете колега Ибраими.

**Орхан Ибраими:**

Благодарам. Ми е жал што слушам вакви констатации или ваква констатација во фашизоидни размери. Јас ќе додадам, ќе ги додадам барањата на почитуваниот член да се донесе Деловник да нема различно мислење, да не зборуваат Албанците воопшто, нема не е важно да се слушнат нашите мислења и вие продолжете. Продолжете, но после ќе излезат поголеми проблеми, бидејќи вие не сакате да ја гледате реалноста. Ова е за жалење, овој менталитет и оваа состојба. Јас ви нудам факти и докази, јас зборувам конкретно работи кои што ги номинираше Европската унија во овој Извештај и јас зборувам за Викторија Нолан, исто така ја дели загриженоста за Македонија за тоа каде оди и што се случува е главен алијат на оваа држава, САД. Што мислите каде сакаме да одиме ние во Белград, во Русија? Таму? И, Србија да стане член на НАТО и на Европската унија, нема каде да одиме кога зборуваме за добрососедските односи ги гледаме ние со кого се градат тие односи. Сме дебатирале и за тие закони, но тука не сакаат да слушаат луѓето. Тие кои што не сакаат да слушаат, можат да излезат оттука бидејќи не им е местото во ова работно тело. Сериозно ви велам. Не им е местото тука. Нема елементарна подготвеност да ги разбираат проблемите на албанските граѓани и потоа ќе се создаваат други инциденти, поголеми и помали. Ако ние не се разбираме, ако не сме подготвени да ги слушаме идеите и образложенијата со аргументи и со факти, со десетици факти, сум во состојба и три дена да зборувам со факти и докази, а ако не сакате да слушате, тогаш кажете: не сакаме, сакаме сами да го земеме Буџетот со скоро три милиони евра, да го трошиме сами, сакаме да го изградиме “Скопје 2014“ и

инфраструктурата само каде што живеат Македонците, сакаме да имаме автопатишта само на населени места со Македонци, но сите други гранични премини немате ниту една, автопат немате во Јажинце, во Блаце, во Охрид, во Свети Наум, но и во Ќафасан, немате ниту еден метар автопат. Дали сте замислиле да ги направите овие анализи и да ги разгледате овие факти. Што ни треба автопатот Скопје - Штип? Јас знам дека е внатрешна потреба, но има и други потреби за поврзување на државите поради трговија. Овие работи ние ги баравме и кога се земени заеми, тогаш сме кажале дека во моментот не ни треба автопатот Скопје - Штип, но треба да се изведе автопатот Гостивар-Струга. Таму е Коридор 8. Не е Коридорот 8 Извор и Охрид. Тоа го вели и Викторија Нолан. Немаме рамномерен економски развој и не е доказ дека од Министерството за финансии произлезе информацијата дека 72 илјади Македонци се вработени во слободните економски зони. Имаме една слободна зона и го променивте статусот на приватно партнерство. Станува збор за економската зона во Тетово што е со Бунарџик, што е со другите, потоа Македонците знаат. Почитување, нормално за тие кои што имаат можност да ја развиваат економијата, земјоделството и така натаму. Оваа можност им ја дава Владата, но ова треба да се направи и за Албанците. Тие земјоделски култури кои што се произведуваат во Струмица, во Гевгелија, Во Прилеп, се произведени и во албанските населени места. Денеска тие не се садат, албанските полиња не се садат бидејќи немаат каде да ги однесат. Од Кичево до Битола, каде што ќе се вртите, тие полиња се со тутун, но треба да шетате по албанските населени места зошто не се сади веќе тутун. Ние сме пораснале со тие култури, да не школуваат и така натаму, но тие ги земаат субвенциите бидејќи имаат помош од државата, од институциите и од администрацијата за да им се поблиску на македонски земјоделци кои овие кои што се претставници, не тие се заинтересирани стотина да се вработат, да крадат на чело со заменик претседателот на Владата, 12 години е министер во различни министерства и тука се прави еклатантна злоупотреба. На волјата на Албанците за да имаат подобар живот, да имаат подобра благосостојба и тие како нивните соседи, ништо друго. И, почитуваниот колега нема можност да ме слуша, нема трпение кога велам дека неколку хектари земја се насадени со тутун во Источна Македонија, а кај Албанците ниту една педа. Зошто? Зошто таму има фабрика, зошто во слободната економска зона во Струмица има десетина фабрики кои што прават обработка на земјоделските култури, субвенции и така натаму. Каде се на другото место? Слободната економска зона во Тетово? Или таму каде што живеам јас, во Куманово, Липково, не. Апсолутно нема. И заради оваа сиромаштија, заради оваа дискриминација која што наликува на апартхејт, Албанците ја згрозуваат Европа пред две три години, а да не беше Европа која што го забрани одењето таму, тогаш ќе имаше поголема дискриминација, политичка, економска. Благодарам.

**Антони Пешев:**

Јас за разлика, почитуван пратенику, од професорот Мирчев, нема да ви го исполнам задоволството да си одам од Комисијата.

**Орхан Ибраими**: .................
(не се слуша)

**Антони Пешев**: не, не ни страв, ни срам, ни ништо, јас вработувам доста Албанци и соработувам доста со Албанците. Институцијата од која доаѓам не дели на Албанци и Македонци. Знаете за кои институции говорите, веројатно треба да поразговарате таму каде што им е местото. Јас во економскиот сектор каде што сум јас говорам за мојата компанија, говорам за компаниите ко мене, тоа не го правиме. Значи, ова е злоупотреба на говорницата со генерализирање на ставови кои не држат вкупно. И една работа сакам да ви кажам. Да, школувам дете во странство и не можам да го вратам во Македонија затоа што правичната застапеност во едно Министерство ги наполни местата со луѓе кои се несоодветно едуцирани, а моето дете кое е школувано во странство нема да може да се врати во Македонија, ако баш сакате да знаете. Ме боли и мене. Проблемот е генерален. Ако сакате да говориме за генерални принципи, тогаш одвојте ги принципите генерално. Се слагам со вашата констатација дека 500 иљади млади луѓе ја напуштиле државата, ама тоа не е заради тоа што биле припадници на национално малцинство, туку заради тоа што политиката на едуцирање можеби треба да се менува, можеби треба да се менува стратегијата и за тоа се залагам. И подготвен сум да разговарам со вас во секоја варијанта и да најдеме каде се проблемите. Она што не можам да го прифатам е вашиот генерален став, дека се поаѓа од тоа дека е поделено на национална основа. Не сте во право, барем што се однесува до мене и до сето она што ме опкружува. Економскиот сектор тоа не го препознава, а јавната администрацијата, тоа сепак ќе го проверите со вашите политички противници на изборите.

**Антонио Милошоски:**
Благодарам. Повелете.

**Орхан Ибраими**:
Се радувам што не ја напуштате седницата, бидејќи на друг начин нема да се развие дебата. Српскиот премиер вели дека јас ги гледам сите мои противници во очи. Вие не сте мој противник, вие сте член на ова работно тело и ме радува што не ја напуштивте оваа седница, понудувајќи ми други докази и други факти. Точно на ова место треба да се бодуваат фактите. Бидејќи ние правиме анализа и сакаме да има стратегија за интеграција на оваа држава, не за нешто друго. И, ако ние нема правилно да го читаме овој Извештај и не го преведуваме правично за тоа што тие го бараат од нас, нема да стигнеме таму. Апсолутно не се согласувам дека клучниот проблем е проблемот со името. Не, имаме многу други поголеми внатрешни проблеми. Не знам, јас дадов многу докази, не знам како е преводот, 72 иљади Македонци вработени во приватниот сектор спроти 0 вработени, јас не сакам да ги делам луѓето на национална припадност. Апсолутно не сакам, ниту еден грам не сакам, но се случува. Само за една година оваа правична застапеност која што требаше да се случи до 2004 година се скоро 150 Албанци вработени. Правичната застапеност е и во секторскиот, приватниот сектор, бидејќи таа има многу привилегии од државата каде што партиципираат сите граѓани. Ние треба во тие кои што спомнав, 20 иљади Албанци да бидат вработени, ако се вработија немаше да се случи овој егзодус за кој што ви реков пред малку, бидејќи ни се чуди Европа, се кренаа сите на нозе и сакаа да побегнат од Македонија. И имате еден човек од семејството надвор. Моето потесно семејство скоро 40 членови се специјализанти и мораа да ја напуштат земјата. Повеќе од 40. Не зборувам за целиот регион. Значи,

тој е ставен на милост од Господ. Овие се факти, докази кои што ги знае и Европската Унија, ги знае, точно ги знае, но ги изразува со друг јазик. Ние, јас се радувам, многу се радувам што вие соработувате со албански кадар и сте соработник, но напуштајќи ги седниците и не правејќи заедничка стратегија и неисполнувајќи ги основните критериумите кои што ги бара Европската Унија, Македонија не може да чекори напред. Не може бескрајно една милијарда и повеќе евра да им се земаат на Албанците. Не може скоро една милијарда евра да се изгради “Скопје 2014“, а албанските населени места да наликуваат на средновековните населени места. Само да излезете на улицата “Дижонска“, да поминете еднаш само на средина на Скопје, имате цели населби кои што немаат канализација, немаат вода за пиење. Можеби се банални споредби, но се факти и докази. Ќе парафразирам, одите и седнувате во еден локал кој што не наликува на локал, плус ќе оди инспекцијата со полиција, една пијачка и едно кафе е 30 денари, и плус празен локал, доаѓате тука, во центарот на Скопје, една пијачка е 100 денари и едно кафе 100 денари, значи тоа не наликува на место кое што треба да седнеш на пијачка. Јас не сакам да ги делам на етничка основа, но ова е реалноста и можеби и тие браќа не сакаат да доаѓаат тука, меѓутоа немаат пари. Едно вработување кое што се случува во едно семејство после 10-15 години не значи дека им се помага, дека тие кои што ги имаат само мајката и таткото и треба да се чека еден човек да се вработи. Кај нас нема ниту еден вработен, 90% од семејствата не се претставени на ниту едно место, ни во државниот, ни во приватниот сектор. Тука треба пристапот да се промени. Треба да има друга политика. И во економијата и друг концепт, јас знам дека нашата организација е на партиска основа, јас нема да чекам Антонијо да работи колку мене или како друг пратеник од Демократска унија за интеграција. Албанците нема да го гласаат, Албанците го гласаат Орхан и Фатмир. Тој треба да ги брани. Значи јас нема да ве обвинам ниту еден грам ни вас, ниту Груевски, ниту Антонијо, не кога наоѓате такви луѓе тогаш можете зашто вие, односно тој, на грб на Албанците прави куќа од 1 милион евра, прави фонтани, ќе ги промени три – четири министерства и вели дека ја претставува волјата на Албанците. Не ја претставува волјата на Албанците. Ви благодарам.

**Антонијо Милошоски:**

Збор има колешката Солза Грчева, повелете.

**Солза Грчева:**

Ќе се вратам на Извештајот. Значи пред нас е Извештај од три месеци, од третиот квартал, јули, август и септември. Веќе на 8 октомври нам ни беше испорачана оценката. За среќа ја добивме препораката, за среќа велам, јас не сум од тие кои што очекуваат да не ја добиеме, баш сакав да ја добиеме, но Извештајот, кога не би ја знаела оценката онаква како што стигна поразувачка, наречена од господинот Филе, ќорсокак, Македонија оди назад, не оди напред, оди назад, не стои ни во место. Значи кога не би ја знаела таа оценка која што беше испорачана веднаш после датумот на завршување на овој Извештај, а тоа е крајот на септември го опфаќа тој период, тогаш можеби во нешто од се ова што е пишано би сакала да поверувам и да го исчитам онака како што е напишано. Меѓутоа, ајде да земеме да ги анализираме барем клучните забелешки што се повторуваат од година во година,

но се вжештуваат, стануваат се поостри, вокабуларот се заострува, па за првпат оваа година беше монтирана и политичка криза, еве ќе ја наречевме парламентарна криза, овде во овие три месеци беше најжешката политичка криза, се уште трае со што нам во овој Извештај ни се образложи до каде е политичкиот дијалог, дали е започнат, на кој начин се води, каква подготвеност има условно наречено од двете страни, итн. Значи ние се наоѓаме во еве нека не е политичка, но секако парламентарна криза, овде немаме воопшто обработка на таа тема. Да ги погледнеме медиумите, јас и замерувам и на Европската комисија што не согледала и еден клучен момент, кај нас нема само недостаток на независни и слободни медиуми, кај нас има квалитетни медиуми, кај нема медиум со отворени дебати каде ние можеме да ги конфронтираме ставовите да речеме по различни жешки теми. Дали ни се објасни зошто конечно тој наш јавен сервис не стане јавен сервис, на кој начин се обезбедува негово независно финансирање, што се случува со владините реклами, колку тие чинат, како се распределува тој колач. Не, господа, не станува збор за донесување на закони, не станува збор за огромен број на совети, комисии, изведени обуки, донесени правилници, итн. станува збор за немање на политичка волја да се медиумите дотераат барем  на едно задоволително ниво кое што ќе ја покрива политичката и воопшто граѓанската реалност во Република Македонија. Се извлекуваат како од шешир, тоа и за економскиот дел, ќе ми дозволите не сум економист ама до толку знам што значи за една сиромашна Македонија 4% раст. Ве молам, втори во Европа, веројатно трети во светот. Се извлекуваат како од шешир по еден показател кој што ништо не значи и потоа се манипулира со него, околу него се гради една цела теорија дека ние сме една најразвиена земја. Еве само што не сме процветале, ние сме фактички Германија. Ние живееме во нај- загадениот град, Тетово исто така најзагаден град. Значи 92% е концентрацијата на ПМ10 честички за разлика од Цирих што е поголем град каде што е 20%, и ние овде зборуваме дека сме поставиле системи за мониторинг. Молам? Па вие ако имате некој масовен убиец по улица кој што хара со калашников нема да го оставите да ги убие сите луѓе по улицата пред да му го одземете митролезот што и да е тоа оружје. А вие ќе носите мониторинг  и ќе носите правилници, а луѓето ќе завршуваат на Онкологија. Значи зборуваме за 4% раст, но истовремено за земја со најмали плати. Кое е тоа замајување? Одам понатаму. Судство како што рече академик Камбовски, работата на Судскиот совет е и бројот на донесени пресуди дека се зголемил пазете. Па тоа навистина, па тоа е оперативна работа. Тоа е навистина важно за секој граѓанин, но тоа не е стратешка определба во еден ваков Извештај се зборува за стратешки прашања не се зборува за оперативни работи. Друг пат и ве замолувам да не ослободите од 300% и табели без потреба, па вие ни претставувате ИПАРД фондовите како се движат без да се направи една анализа, зошто во Македонија фактички не се користат адекватно тие ИПАРД фондови. Или мислите секој треба да седне па овој Извештај да го чита со денови, да ги бара бившите податоци и така натаму и да ги споредува без чесно сами да се согледаме и да кажеме „Да во Македонија половина од парите две третини, три четвртини понекогаш се враќаат назад“. Зошто да немаме капацитет да ги искористиме тие пари? Меѓуетничкиот дијалог. Не се согласувам  дека треба да се инсистира на него по секоја цена и секаде. Но кога имаме едни вакви емотивни излагања овдека од опозициски пратеници, па не можеш да не се замислиме на тоа. Па тоа сигурно место за унапредување. Можеби ова не е правото место за да се таргетираат голем број на

овие теми, меѓутоа и тоа е посочено во Извештајот и на тоа мора да се работи. И не се сложувам со професорот Мирчев кој што претходно со една реченица рече „Овде не сме опозиција и позиција за да дискутираме такви теми". Точно. Ние сме точно позиција и опозиција бидејќи сметам дека точно опозицијата сегашна во 2005 година, го постигна единствениот и последен успех на овој план, донесувањето на кандидатскиот статус на оваа земја. Од тогаш наваму имаме перманентно назадување на државата. И тука исправени и пред себе и пред своите бројки и пред своите лакирани извештаи, не можеме да се лажеме. Една ситна работа по мене е крупна но можеби вие ситно ја третирате. Ајде да видиме Собранието што направи во тие недели кога се носеше овој Извештај. Кога уште не му беше исушено мастилото на овој Извештај, и ние ја знаевме содржината на овој Извештај. Законот за енергетика по брза постапка, Законот за либерализација го повлече од постапка. Што е таа потреба да се удираат шамари? Што е таа потреба по секоја цена да се оди контра она што е препорака од Европската комисија. Зошто се повлече тој закон за либеларизација на пазарот на електрична енергија? Се премолчени две битни работи во овој Извештај, дека велиме членка сме на енергетската заедница. Да но истата таа енергетска заедница води процес за најголемиот процент на сулфурни загадувања во нашите бензини и исто за уште еден процес за земање на акционен план за обновливи извори. А тука си е убаво навезено, обновливи извори на енергија, па сме направиле ова па сме направиле она, па извинете, па некој ќе употреби време и малце и мозок и ќе види за што станува збор. Ајде да одам да речеме што направи Собранието со Јавната администрација, таа исто така е посочена дека е гломазна прво, дека е голема колку за три Македонии. Значи тоа е една болест една општествена болест, знаеме како се употребува таа Јавна администрација, сега па уште ќе ја обучаваме дополнително, ќе носиме и нови закони за да ја професионизираме таа гломазна Јавна администрација, а ние што направивме во меѓувреме и платите ги покачивме на таа огромна аждаја што го јаде буџетот. Значи не ги третираме сериозно забелешките, почеток на секој успех е да се согледаш себе си и да тргнеш на таа точка натаму. Очигледно се нема политичка волја за разрешување на голем број најгорливи прашања. Еве доаѓам до подрачјето таму 325 за наука. Во Извештајот јасно беше кажано, Македонија наместо целта, таргетот од 3% од БДП за наука издвојува пазете 0,3%. Тоа е 40 пати помалце од Хрватска и 20 пати помалце од Бугарија. Да не одам за други поразвиени земји, значи од сопствениот БДП. И вие зборувате за лаборатории како да се тие ЦЕРН лаборатории што се набавени. Па јасни се бројките, наместо 3% сте инвестирале 0,3% од БДП и плус ќе речам на подол или пак уште повеќе поразувачки начин на од незнаење се фалите во подрачјето тука каде што образлагате за наука дека Владата преведувала учебници за факултети. Тоа ви е вам наука, па ве молам имате некој доктор за науки во тоа министерство да ви објасни дека школски учебници, факултетски учебници од кој што учат студенти не се наука. Немаме ниту една претплата на бази на трудови, на научни трудови, базите ако сакаат научниците да пристапат до нив од 5 свои плати треба да се лишат за да пристапат до една таква база. Тоа е инвестиција во наука, ниту лабораториите не се толку важни како достап до актуелните податоци, сознанија, информации за она што работи светот а што работиме ние. Да си признаеме 0,3% за наука финансирање посочено во Извештајот е нула. И тоа што го одвојуваме и тие да речам олеснителни околности како што се нашето учество во Еразмус плус, во Хоризонт 2020, се благодарение на нашиот

евроинтегративен процес, уште тоа чергиче од под нозе да го немаме, ние наука немаме. Без наука немаме двигател, немаме економија, немаме здрава економија, ќе имаме такви мали бизнисчиња кои што секогаш ќе бидат чираци на некој големи фирми некаде, и секогаш ќе бидеме во подредена позиција, и секогаш ќе ни бегаат младите желни за наука, тие не бегаат само по егзистенција, голем дел од младите избегаа за немање на квалитетно образование и немање на квалитетна наука и работа. Ако се служиме во секој од овие поглавја да ги речам, со вакви манипулации тогаш не гледам политичко решение, не гледам волја иако вие декларативно велите многу убаво, дека еве Македонија е посветена, работи, ќе работи. Но и во самиот период кога добивме ние препораката ние веќе направивме неколку чекори ретроградно да ве потсетам и на уставните амандмани кои што за среќа ми се чини дека некаде сега се заглавени околу примедбите на Венецијанската комисија и примедбите на Брисел. Вие дури сакавте мимо препораките на Европа дури и вонбрачната заедница да ја строго дефинирате како маж и жена. Мислам се направија редица од чекори што се спротивни на препораките на било кој цивилизациски препораки. И да не се лажеме болни се темите треба да ги отвараме треба да ги сработуваме. Има работи кој што се отидени напред, но тие работи не се суштински. Суштинските работи ни се сеуште сопка, затоа и добивме таков Извештај. Значи и во иднина би молела една доза на самокритичност кога се пишуваат вакви Извештаи. Имаме насушна потреба дури точно проверував и гледав, точно онаму каде што сме критикувани тоа или го ставаме под тепих го забошотуваме значи како неважно го третираме или дури напротив се фалиме за постигнати резултати. Со таков став многу малку ќе отидеме напред. Ви благодарам.

**Антонијо Милошоски:**

Ви благодарам за дискусијата. За крај има збор заменик претседателот на Владата за европски прашања. Јас само да напоменам и за присутните и за јавноста дека многу ми е жал, тие што беа најгласни, поставуваа најмногу прашања, отвараа најмногу теми и дилеми надвор од денешната точка на дневниот ред, сега не се тука да ги слушнат, се надевам кратките и јасни одговори што ќе ги добиеме од господинот Бесими. Повелете.

**Фатмир Бесими:**

Почитувани присутни дозволете ми повторно да се заблагодарам за дадената можност да ги претставам трите месеци од третото тромесечје за 2014 година и исто така сакам да кажам дека што се однесува на темите повторно ќе ги спомнам оние кои што очекуваме значи во соработка со Националниот совет да се отвори дебата, јавна расправа за истите во овој форум за главните теми кои што беа во Извештајот, а тоа е политичкиот дијалог, судството, слободата на изразување, медиумите, меѓуетничките односи и меѓусоседските односи. Се разбира и другите теми што ги третира Извештајот. Сакам да кажам дека ние од оваа соработка со Националниот совет имаме придобивки како што се бараше и на последната седница, ние во пишана форма претставивме една монографија за десетгодишната работа од Спогодбата за стабилизација и асоцијација како професионален аспект напишана, така и некој политички ставови во текот на овие 10 години од оваа спогодба. Исто така и прашањата што се напомнаа тука во однос на содржината на актуелниот Извештај сакам да кажам дека Извештајот што го претставуваме пред вас опфаќа

само 3 месеци. Значи од третото тромесечје и тоа не е одговор на Извештајот за напредокот што го доби Македонија во октомври оваа година и затоа некои теми не кореспондираат со тоа што реално го имаме, но тоа што е во пишана форма е само за третото тромесечје, значи до септември. Го опфаќа третото тромесечје, а сакам исто така да одговорам на неколку прашања во однос на содржината на Извештајот од судски аспект ние секако при изготвувањето на Извештајот и имплементацијата на програмата секако дека имаме координација, жалам што и членот на Советот - академикот Камбовски го постави прашањето, но меѓутоа не е присутен и многу други не се присутни. Соработката со институциите секако дека постои, а што се однесува на комуницирањето ние како Владини институции комуницираме со Судскиот совет и таму преку Министерството за правда, за податоците што се во однос на Извештајот и некои податоци се разбира за периодот што го оставаме зад нас се добиени преку Судскиот совет и судиите и Министерството за правда. Се разбира инклузивен сеопфатен процес и е повеќе од потребен и за законите и законодавството. Се однесува на економските критериуми сакам да подвлечам и верувам дека присутните тоа го знаат, што се однесува на стандардите за интегрирање во ЕУ за земјите како што е Македонија, земјите од Балканот, важат Копенхашките критериуми. Ова е официјалното за земјите од Балкан знаеме дека во двеилјадитите се промовираше Спогодбата за стабилизација и асоцијација, и тука се уредуваат и другите аспекти кои што ќе имаме можност да ги дебатираме на подетален начин значи имплементацијата, односно костбенифитот од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, но меѓутоа и тоа што се форвард-лукинг, значи за периодот што следи за нашата позиција за придобивките и цената како и секоја држава економија што ја има од овој процес.

Што се однесува на последните ставови на кои што се повикавте, тие се напишани и во Извештајот или во Стратегијата за проширување на Европската унија и за оваа година, меѓутоа и за 2015 година. Последните извештаи за 2013-2014 година беа владеењето на правото, основните фундаментални права и во Стратегијата на 2014-2015 година последната има три исто така владеењето на правото, економијата и јавната администрација. Со економско владеење се подразбираат сите параметри на една функционална пазарна економија и буџетот и други јавни фондови. Се разбира тука е и јавниот долг или државниот долг и тоа што се однесува на буџетскиот дефицит. По економската криза со која што се соочи Европската унија овие критериуми секогаш и се повеќе се со поотворени очи. Секогаш сум велел и ние сме свесни и нас не чека еден напорен пат, Европската комисија ќе биде повнимателна не само за економските, туку за сите критериуми. Затоа ни треба многу вложување и напор.

Во однос на другите теми жалам што не е тука професорот Мирчев и другите што ги покренаа овие прашања. Меѓуетничките односи се прашања кои што се сетираат во Извештајот и јас апелирам за членовите што не се непосредно со оваа тема поврзани и граѓанскиот сектор и академскиот сектор и меѓуетничките односи, дел од нашиот идентититет. Меѓутоа тоа што јас се согласувам е дека дебатите што се претвораат во маркетиншко партиско пласирање на некои ставови не се во полза на никој. Меѓутоа се разбира политичките критериуми се важни за една земја, за благосостојба, за стабилноста и за бизнисот и за вработување и за се. Пак ќе кажам жалам што не се присутни сите што поставија прашања, имам одговори за сите поставени прашања и се разбира што се однесува на тоа дали ќе бидеме членки на

НАТО и Европската унија. Да, ќе бидеме, Македонија нема друга и подобра алтернатива и затоа има консензус во земјата.

Што се однесува на Коридорот 8 и некои други инвестиции што беа спомнати, дел од Кичево, Охрид, Струга, Требеништа, има одобрен кредит од Светската банка. Исто така и другите проекти во делот Липково, Куманово, регионалниот пат, и многу други проекти да не одам во детали и потоа фактот и емоционалната тема дали имам некој што сум испратил да работи надвор од земјата. Тоа провоцираше и друга емотивна дискусија и персонална, лична. Ние сме земја во која што секој дом има по еден член што е во странство на работа било да е поблизок или далечен роднина, тоа реалноста. Ние треба да ја менуваме оваа состојба, треба да создадаме подобри можности. Се разбира кога се работи за подобро образование ние сме заинтересирани за подобро да се искористат тие можности.

На крај повторно можам да кажам дека темите за евроинтеграцијата, европската агенда важно е да бидат во центарот на вниманието како на политичарите, така и на институциите и сите да го одржат тоа темпо и да одржат кондиција за европската агенда на Македонија затоа што на крајот на краиштата тоа е во интерес на нашите граѓани. Благодарам.

**Антонијо Милошоски:**

Благодарам. Првата точка ја затворивме. Само кратко ќе преминеме на втората точка од Дневниот ред и да се заблагодарам за присуството и за вашето учество.

**Втората точка на Дневниот ред е програмата што на сите ви е доставена, Планот за работата на Националниот совет за евроинтеграции.**

Секој имаше можност да достави одредени дополнувања. Дополнувањето е доставено од Секретаријатот за европски прашања каде што се споменати неколку теми од Извештајот, кои би биле дел од нашите идни јавни расправи и предлагам до колку нема никој против истите начелно да ги усвоиме, да се согласиме, а потоа текот, динамиката и учесниците на тие јавни расправи ќе ги утврдуваме заеднички.

Ве молам кој е за?

Дали има некој против, или воздржан?

До колку нема, сметам дека и тоа го усвоивме.

**И, третата точка од дневниот ред**, само да напоменам дека до усвојувањето на нов деловник, констатирам дека ќе работиме по Деловникот донесен на 25 октомври 2011 година и во иднина ќе треба да поведеме повеќе сметка за времетраењето, темата на дискусиите, репликите и контрарепликите, за да можеме да бидеме поефикасни.

Благодарам.

Седницата заврши во 12.50 часот.